# С О Д Р Ж И Н А

***ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА***

- ***Финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти во текот и во пост COVID-19 периодот......5***
- ***Финансиска поддршка на граѓаните и вработените лица со низок доход млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредната состојба......16***

***ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ***

- ***Субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработените во медиумите......33***
- ***Финансиска подрика на здруженија и фондации за мерките за справување со COVID-19 криззата насочени кон младите за време на вонредната состојба......40***

***ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА***

- ***Финансиска поддршка за филмските работници, на естрадните уметници и на уметници и други физички лица кои самостојно вршат дејности и други активности во областа на културата за време на вонредната состојба......50***

***ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА***

- ***Годишен одмор ......69***

***ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ***

- ***Плати за месец Јуни 2020 година......83***
- ***Коефициент на МДБ за Мај 2020 година......102***
- ***Коефициенти на пораст на цените за месец Мај 2020 година......103***
- ***Цени на гориво ......105***
- ***Курсни листи ......114***
- ***Референтна каматна стапка за вонредна состојба......121***
- ***Рокови......123***

***ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ......125***

# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

*дипл. економист: Ромео Костадинов*

## *ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ ВО ТЕКОТ И ВО ПОСТ COVID-19 ПЕРИОДОТ*

***Со одредбите од Уредбата со законска сила, за финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти во текот и во пост COVID- 19 периодот ("Службен весник на РС Македонија" 153/20), се определени начините на субвенционирање на инвестициите кај деловните субјекти.***

### *ВОВЕД*

Согласно Уредбата со законска сила, за финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти во текот и во пост COVID- 19 периодот, се уредуваат видот, висината, условите, начинот и постапката за доделување на финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на трговските друштва. Субвенционирањето се врши, со цел да се стабилизира и обнови нивната деловна активност вклучувајќи го враќањето на изгубени пазари со што ќе се одржат деловните потфати, кои ќе придонесат за заздравување на домашната економија, преку реализација на инвестициски проект во пост ковид периодот, во текот на МАРТ 2020 година до ДЕКЕМВРИ 2021 година.

Давател на финансиската поддршка е Владата на РС Македонија, односно Генералниот секретаријат Владата на РСМакедонија. ***Финасиската подршка ќе се исплатува во форма на еднократна финансиска поддршка.***

# *1. КОРИСНИЦИ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

Согласно член 3 од Уредбата, корисник на финансиск-ата поддршка се **ТРГОВСКИ ДРУШТВА ОД ОБЛАСТА НА ИНДСТРИЈАТА,** односно Деловни субјекти, кои:

- **Во текот на 2020 година имаат во реализација инвестициски проект, според инвестицискиот план од членот 6 на Уредбата со законска сила;**
- **Работат во производствени сектори кои се дефинирани како производство, согласно Националната класификација на дејности, освен оние кои се исклучени од оваа можност, согласно Законот за контрола на државна помош; или**
- **Деловни субјекти што вршат дејност трговија, доколку инвестираат во основни средства; или - вршат дејности од областа на информациско – комуникациски услуги, доколку инвестицијата опфаќа воспоставување на нова организациона единица за технолошки развој, истражување и/или развој на ново софтверско или хардверско решение.**

### *1.1. Кој не може да биде корисник на финансиска поддршка*

Согласно Член 4 од Уредбнтаа, корисници на финансиската поддршка, ***не можат да бидат деловните субјекти кои:***

- **Искажале негативен финансиски резултат во 2019 година;**
- **Вршат дејност од областа на примарно земјоделство, шумарство и рибарство;**
- **Вршат градежни дејности поврзани со изградба и продажба на станови и станбени и деловни згради за делот на градежната дејност изградба и продажба на станови, станбени и деловни згради;**
- **Работат во индустриите за производство на јаглен и челик;**

- **Се поддржани со други мерки и механизми за поддршка на специфични сектори *(како банкарскиот сектор, финансиски услуги и слично)*;**
- **Вршат дејности од јавен интерес утврдени со закон;**
- **Вршат лиценцирана дејност;**
- **Вршат регулирана дејност, чија цена ја одредува независно регулаторно тело;**
- **Се корисници на право на концесии на добра од општ интерес, освен доколку концесијата не се користи за реализација на инвестициски проект;**
- **Кои вршат дејности поврзани со наменско производство (*вооружување и воена опрема);***
- **Произведуваат акцизна стока, освен акцизна стока наменета за фармацевтски, медицински и индустриско лабораториски цели и**
- **Вршат дејност трговија (*на мало и на големо),* освен ако инвестираат во основни средства и објекти.**

***1.2. Висина на финансиска поддршка***

Согласно одредбите од член 5 од Уредбата, **ВИСИНАТА** на финансиската поддршка изнесува **25%** од реализираната инвестиција, според инвестицискиот план, **но не повеќе од**:

- **40.000 ЕВРА** во денарска противвредност според средниот курс на **НБРМ** на денот на исплатата, **за деловни субјекти кои оствариле вкупен приход во 2019 година не повисок од 1.000.000 ЕВРА** во денарска противвредност според средниот курс на **НБРМ** на денот на исплатата;
- **100.000 ЕВРА** во денарска противвредност според средниот курс на **НБРМ** на денот на исплатата, **за деловни субјекти кои оствариле вкупен приход во 2019 година од 1.000.001 ЕВРА до 10.000.000 ЕВРА** во денарска противвредност по средниот курс на **НБРМ** на денот на исплатата;
- **140.000 ЕВРА** во денарска противвредност, според средниот курс на **НВРМ** на денот на исплатата, **за деловни субјекти кои оствариле вкупен приход во 2019 година од 10.000.001 ЕВРА до 50.000.000 ЕВРА** во

денарска противвредност според средниот курс на **НБРМ** на денот на исплатата; и

- **200.000 ЕВРА** во денарска противвредност според средниот курс на **НБРМ** на денот на исплатата**, за деловни субјекти кои оствариле приход во 2019 година повеќе од 50.000.000 ЕВРА** во денарска противвредност според средниот курс на **НБРМ** на денот на исплатата.

### *1.3. Утврдување на Инвестициски план*

Согласно член 6 од Уредбата, Инвестициски план е документ со кој деловниот субјект ги идентификува потребите на деловниот потфат и неговото инвестирање, ја дефинира рамката за идентификација и управување со трошоците за реализација на инвестицискиот проект, евентуалниот недостаток на финансиски средства за финансирање на трошоците на инвестицискиот проект, содржи:

- ***Податоци за финансиската состојба на деловниот субјект,***
- ***Обемот на потребните финансиски средства на деловниот субјект,***
- ***Потенцијални извори на финансирање на потребите***
- ***Проценка на потребната финансиска поддршка која може да придонесе кон одржливоста на деловниот потфат и***
- ***Предвидена рамка за начинот на кој деловниот субјект ќе го зајакне деловниот потфат и ќе продолжи да ја врши дејноста за период од најмалку три години, од денот на исплата на финансиската поддршка.***

### *1.4. Исплата на финансиска поддршка*

Согласно член 7 од Уредбата , финансиската поддршка се исплатува **во форма на еднократна финансиска поддршка,** наменета за постигнување на целта која се одне-сува за зајакнување на конкурентноста на трговските друштва, со цел да се стабилизира и обнови нивната деловна активност, вклучу-

вајќи го враќањето на изгубени пазари со што ќе се одржат деловните потфати, кои ќе придонесат за заздравување на домашната економија, преку реализација на инвестициски проект во **пост-ковид** периодот, во текот на **МАРТ 2020 година до ДЕКЕМВРИ 2021 година.**

### *1.5. Објавување на Оглас за доставување на потребни документи за за добивање на финансиската поддршка*

Согласно Член 8 од Уредбата, Министерството за економија на својата веб страна, објавува **ОГЛАС,** кој ќе трае **до 31 јули 2020 година.**

**Огласот особено содржи**:

- **Деловни субјекти кои можат да користат финансиска поддршка согласно шифрите на дејност од Националната класификација на дејности НКД-Рев.2 согласно член 3, став 1 алинеја 2 од уредбата;**
- **Висина на финансиската поддршка;**
- **Формат на Пријава и Инвестициски план;**
- **Докази кои е потребно да бидат приложени при поднесување на Пријавата и тоа:**
- *тековна состојба за деловниот субјект не постар од шест месеци;*
- *биланс на успех за 2019 година;*
- *пресметка на аконтациите на данокот на добивка за месеците март, април и мај 2020 година;*
- *инвестициски план;*
- **Рок за поднесување на Пријава;**
- **Нацрт на Договорот за финансиска поддршка;**
- **Други податоци кои ќе се прецизираат во јавниот оглас.**

По прибирање на сите пријави пристигнати со последниот ден на рокот за нивно поднесување, Комисијата за оценка на пријавите, **во рок од 15 дена** спроведува оценка на присти-

гнатите пријави и приложената документација и составува **Извештај што содржи**:

- **Број на добиени барања,**
- **Листа на компании и инвестициските проекти кои ги исполнуваат условите за склучување на договор за финансиска поддршка и**
- **Висината на финансиска поддршка согласно со одредбите од оваа уредба и го доставува до министерот за економија.**

Извештајот Министерството за економија го доставува до Владата на РС Македонија на усвојување **во рок од три дена.**

Комисијата за оценка на пријавите на деловните субјекти, кои се пријавиле на огласот ја формира Министерството за економија.

Комисијата е составена од 5 члена во која учествуваат по еден член од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Генералниот секретаријат на Владата на РСМакедонија, Министерството за финансии и два члена од Министерството за економија.

На членовите на Комисијата им следува надоместок, кој го определува Владата на РС Македонија, врз основа на бројот на разгледани пријави и извештаи за реализација на инвестициски план.

За начинот на својата работа, Комисијата донесува Деловник за работа.

***1.6 Склучување на договор за доделената финансиска поддршка***

Согласно Член 10 од Уредбата, за доделената финансиска поддршка **се склучува Договор** помеѓу Владата на РС Македонија и деловниот субјект.

Договорот за доделување на финансиска поддршка особено ги содржи следните елементи:

- ***договорни страни;***
- ***Предмет на Договорот за доделување на финансиска поддршка;***

- ***Износ на финансиската поддршка која се доделува;***
- ***Права и обврски на договорни страни;***
- ***Рокови за исполнување на преземените права и обврски;***
- ***Услови за едностран раскин на Договорот и***
- ***Решавање на спорови***

Договорот за финансиска поддршка кој не ги содржи елементите е ништовен.

За обезбедување на договорот и обврските од членот 13 од Уредбата со законска сила, корисникот на финансиска поддршка доставува **МЕНИЦА** од корисникот на финансиска поддршка, со менична изјава за уредување на правата и обврските по меницата во форма на нотарски акт со извршна клаузула.

Меницата со која се гарантира помошта мора да биде со важност **најмалку 60 дена** подолг од датумот на поднесување на завршниот извештај.

### *1.7. Исплата на средства за финапсиска поддршка*

Согласно Член 11 од Уредбата, исплата на средствата за финансиската поддршка ќе ја изврши Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија од средствата предвидени во Буџетот на РС Македонија за 2020 година во програмата **П1 Мерки за справување со COVID-19.**

Исплатата ќе се изврши во рок од 15 дена од денот на потпишување на Договорите за финансиска поддршка.

Финансиската поддршка **се одобрува до максимален износ од 1.200.000.000 денари, средства** утврдени во Буџетот на РС Македонија за 2020 година во програмата **П1 Мерки** за справување со COVID 19.

Доколку врз основа на проекцијата за видот и максималниот износ на финансиска поддршка се надминат утврдените буџетски средства, исплатата се врши сразмерно по корисник на финансиска поддршка во рамките на утврдениот максимален износ.

### *1.8. Обврски на деловните субјекти по добивање на финансиска та поддршка*

Согласно Член 13 од Уредбата, **Деловниот субјект** на кој му е доделена и исплатена финансиска поддршка **има обврска до 31.01.2021 година до давателот на финансиската поддршка да достави Извештај** за текот на реализација на инвестицискиот план со докази во вид на финансиска и друга документација соодветна на инвестицискиот проект дека истиот се реализира во рамките на инвестицискиот план за кој е исплатена финансиската поддршка.

Доколку деловниот **субјект ја завршил инвестицијата до 31.12.2020 година** доставува завршен извештај, **а ако инвестицијата не е завршена** доставува извештај за прогрес со следните документи:

- **За купувањето на основни средства, опрема и машини доставува договор или фактура со доказ за целосно или делумно плаќање или алтернативно отворен акредитив или издадена банкарска гаранција за истата. Основните средства, опремата и машините не треба да бидат постари од две години.**
- **За градба на производни хали, доставува издадена градежна дозвола со премер пресметка, докази за извршени плаќања за градбата и фото документација од истата. Документацијата треба да биде на име на компанијата која аплицира за финансиска поддршка.**
- **За воспоставување на нова организациона единица за технолошки развој, истражување и/или развој на ново софтверско или хардверско решение доставува евиденциски извештаи за инвестираните средства во опрема, инвестиции во оперативен капитал, обуки и тренинзи и/или договор за интелектуална сопственост.**

Деловниот субјект до давателот на финансиската поддршка доставува завршен извештај не подоцна од 30 дена по завршување на инвестицијата и не подоцна од 31.12.2021 година кој ги содржи следните документи:

- **За основни средства и опрема доказ дека опремата е инсталирана и пуштена во работа со следните документи: договор или фактура, доказ дека е платена и фото документација дека е инсталирана.**
- **За градби доказ дека е изградена и платена со изводи од плаќања и фотодокументација за градбата.**
- **За воспоставување на нова организациона единица за технолошки развој, истражување и/или развој на ново софтверско или хардверско решение доказ за инвестираните средства за воспоставување и оперирање на организационата единица и развиеното ново софтверско или хардверско решение.**

Министерството за економија врши контрола на процесот на имплементација и на точноста на завршниот извештај.

Доколку деловниот субјект **не успее да ја заврши инвестицијата или не успее да ја докаже минимум 80% од вредноста на инвестицијата**, треба **да ги врати средствата** во Буџетот на РСМакедонија, **не подоцна од 01.03.2022 година**, во спротивно давателот на финансиската поддршка ќе ја активира **МЕНИЦАТА** како механизам за обезбедување.

**НАПОМЕНА: Финансиска поддршка не може да се додели на деловен субјект за реализација на инвестициски проект за кој е доделена друга државна помош.**

За финансиската поддршка, се применува Законот за контрола на државна помош како и се почитува Привремената рамка на Европската комисија за мерки за државна помош за поддршка на економијата за време на појавата на **COVID-19.**

**ИНВЕСТИЦИСКИ ПЛАН И**
**ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ**

**АЗИВ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ПРОЕКТ:**

**АЗИВ И СЕДИШТЕ НА ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ**

| | |
|---|---|
| Скратен назив | |
| ЕДБ | |
| ЕМБС | |

**А. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЈНОСТА НА ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**1. Историјат на деловниот субјект во Република Северна Македонија (до 2000 карактери)**

**2. Управувачка структура на деловниот субјект во Република Северна Македонија**

**3. Вид на дејност/и (шифра и опис)**

**Б. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТХОДНО ДОДЕЛЕНА ДРЖАВНА ПОМОШ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
*(доколку има)*

**1. Облици на користена државна помош во претходната или во тековната година**

| Година | Инвестициски проект | Облици на доделена држ. помош | Број на вработени за проектот | Износ на инвестиција | Износ на доделена државна помош |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

**В. ПОДАТОЦИ ЗА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ПРОЕКТ**

**1. Опис на инвестицискиот проект (до 1800 карактери)**

| |
|---|
| |

**2. Временски план за реализација на инвестицискиот проект**

| | |
|---|---|
| **Датум на почеток на реализација на инвестицискиот проект (конкретен датум)*** | |
| **Датум на завршување на инвестицискиот проект (најдоцна 31.12.2021 г.)** | |

Датум **БАРАТЕЛ**

________________________________

____________

________________________________

М.П (*скр.назив на друштво, одг.лице, потпис*)

# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

*дипл. економист: Ромео Костадинов*

## *ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНИ И ВРАБОТЕНИ ЛИЦА СО НИЗОК ДОХОД МЛАДИ ЛИЦА И ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ ПРЕКУ ИЗДАВАЊЕ НА ДОМАШНА ПЛАТЕЖНА КАРТИЧКА НАМЕНЕТА ЗА КУПУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСОТОЈБА*

***Во „Службен весник на РСМ” (137/20; 147/20; 151/20; 157/20; 169/20), објавена е Уредбата со законска сила, за финасиска подршка на граѓаните и вработените лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на Македонски производи и услуги за времен анвонредна сосотојба.***

### *ВОВЕД*

Согласно одредбите од член 1 од Уредбата, со законска сила, за финасиска поддршка на граѓаните и вработените лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка, наменета за купување на Македонски производи и услуги за време на вонредна состојба ***(во продолжние Уредбата)*** се уредуваат условите, начинот и постапката на финансиска поддршка на граѓаните и вработените лица со низок доход, ***млади лица на возраст од 16 до 29 години*** и здравствени работници кои учествуваат во тестирање, дијагностицирање и лекување на граѓани заболни од COVID-19 со издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги.

Финансиската поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица ***на возраст од 16 до 29 години*** и здравствени работници кои учествуваат во тестирање, дијагностицирање и лекување на граѓани заболени ***од COVID-19,*** заради поттикнување на приватната потрошувачка и купувањето македонски производи и услуги во услови на намалена економска активност условена од здравствено-економската криза предизвикана од Коронавирусот **COVID-19** се врши од Буџетот на РС Македонија преку Владината **програма П1 - Мерки за справување со COVID-19 кризата.**

### *1. ПРАВО НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА КУПУВАЊЕ НА ДОМАШНИ ПРОИЗВОДИ ПРЕКУ ДОМАШНА ПЛАТЕЖНА КАРТИЦА*

Финансиската поддршка е еднократен паричен износ кој се исплатува на домашна платежна картичка издадена од банка издавач, резидент на РС Македонија, на лице корисник на финансиска подршка.

Финансиска подршка за купување на Македонски производи и услуги, преку домашна платежна картичка имаат право да добијат:

1) **Граѓани со низок доход;**
2) **Вработени лица со низок доход;**
3) **Млади лица на возраст од 16 до 29 години и**
4) **Здравствени работници кои учествуваат во тестирање, дијагностицирање и лекување на граѓани заболенми од COVID -19.**

**1) „ГРАЃАНИ СО НИЗОК ДОХОД“** се полнолетни државјани на РС Македонија корисници на права на парична помош и надоместоци согласно Законот за социјална заштита, Законот за заштита на децата и Законот за социјална сигурност за старите лица и тоа:

- Носител на право од домаќинство кое користи право на гарантирана минимална помош;
- Корисник на право на детски додаток;
- Корисник на право на додаток за образование;

- Корисник на право на социјална сигурност за старите лица
- како и Невработени лица кои **АКТИВНО БАРААТ** работа евидентирани во Агенцијата за вработување заклучно со ***22.05.2020 година***, за 2019 година **оствариле ГОДИШЕН ДОХОД ВО НЕТО износ не поголем од 180.000 денари и за периодот ЈАНУАРИ-АПРИЛ 2020 година оствариле доход во нето износ не поголем од 60.000 денари, согласно со евиденцијата на Управата за јавни приходи**.

**2) „ВРАБОТЕНИ ЛИЦА СО НИЗОК ДОХОД“** се државјани на РСМакедонија кои се во работен однос и кои за периодот **ЈАНУАРИ-АПРИЛ 2020** година оствариле доход **само по основ на плата и надоместоци** на плата во **НЕТО износ НЕ ПОГОЛЕМ од 60.000 денари** на ниво на полно работно време, согласно со евиденцијата на Управата за јавни приходи,

**3) „МЛАДИ ЛИЦА**“ се државјани на РСМ ***со наполнети 16 години и не постари од 29 години*** на (**22.5.2020 година)**, кои се активни учесници во формалното средно образование (***средни училишта основани од РСМ, локалната самоуправа и градот Скопје***) и високото образование на РС Македонија (*редовни студенти на универзитети основни од Македонија*), согласно со евиденцијата на Министерството за образование и наука.

**4) „ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ** кои учествуваат во тестирање, дијагностицирање и лекување на граѓани заболени од **COVID-19**“ се државјани на РС Македонија, вработени во Јавните здравствени установи во Клиника за инфективни болести, Институт за јавно здравје, Центри за јавно здравје, Членови на тимовите за Итна медицинска помош, Лица вработени во инфективните одделенија на општите болници и ангажирани работници во други одделенија кои повремено биле ангажирани во инфективните одделенија на соодветната јавна здравствена установа респективно за времето на ангажирање согласно со евиденцијата на Фондот за здравствено осигурување заради тестирање, дијагностицирање и лекување на граѓани заболени од **COVID-19.**

## *2. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ЛИСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

### *2.1. Листа на граѓани и вработени со низок доход корисници на финансиска поддршка*

Согласно член 3 став 1 од Уредбата, **Листа на граѓани со низок доход** - корисници на финансиска поддршка и **Листа на вработени лица со низок доход** - корисници на финансиска поддршка изготвува Управата за јавни приходи и ги доставува до Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија, во рок од еден ден од денот на влегувањето во сила на Уредбата.

За целите на изготвување на **Листа на граѓани-корисници на финансиска поддршка**, податоци до Управата за јавни приходи доставува Агенцијата за вработување на РС Македонија и Министерството за труд и социјална политика **во рок од еден ден**, од денот на влегувањето во сила на Уредбата.

### *2.2. Листа на млади лица корисници на финасиска поддршка*

Согласно член 3 став (2) од Уредбата, **Листа на млади лица-корисници на финансиска поддршка** изготвува Министерството за образование и наука и ја доставува до Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија во рок од еден ден од денот на влегување во сила на Уредбата.

За целите на изготвување на Листата на млади лица-корисници на финансиска поддршка Министерството за образование и наука доставува податоци од електронскиот систем за административна работа на училиштата и резидентните државни универзитети, во рок од еден ден од денот на влегувањето во сила на Уредбата.

### *2.3. Листа на здравствени работници корисници на финансиска поддршка*

Согласно член 3 точка 3 од Уредбата, ***Листа на здравствени работници-корисници на финансиска поддршка*** изготвува Фондот за здравствено осигурување на РСМ и ја доставува до Генералниот секретаријат на Владата на РСМ во рок од еден ден од денот на влегувањето во сила на Уредбата, односно од **(27.05.2020 година).**

Листите на корисници на финансиска поддршка, ги содржат **следните податоци*:***

*Име и презиме, ЕМБГ, Адреса на живеење, и Износ на финансиска поддршка**,** а може да содржи и податоци за емаил адреса, телефонски број за контакт, општина, регистарски број на лична карта, надлежен орган кој ја издал и датум на важење на личната карта, податоци за вработување вклучително и дејноста на работодавачот, односно статус на невработен/ученик/студент, за лицата за кои органот располага со овие податоци.*

**Податоците од Листите на корисници на финансиска поддршка се енкриптирани, согласно со прописите за заштита на личните податоци**.

Собирањето, обработката и чувањето на личните податоци содржани во Листите на корисници на финансиска поддршка согласно со оваа уредба со законска сила се врши согласно со прописите за заштита на личните податоци, при што листите се доставуваат и преземаат во криптирана форма.

Во однос на заштитата, чувањето, обработката и користењето на криптираните податоци содржани во Листите на корисници на финансиска поддршка согласно со оваа уредба со законска сила се применуваат прописите од областа на канцелариското и архивското работење и други прописи кои се однесуваат на работењето на субјектите и институциите опфатени со оваа уредба, при што во однос на заштитата при обработката и чувањето на личните податоци се применуваат и прописите за заштита на личните податоци“.

За веродостојноста на податоците содржани во Листите на корисници на финансиска поддршка согласно со Уредбата, одговорни се институциите кои ги доставиле.

### *3. ИЗДАВАЊЕ НА ДОМАШНА ПЛАТЕЖНА КАРТИЧКА*

**ДОМАШНА ПЛАТЕЖНА КАРТИЧКА**“ е платежна картичка со видливо отпечатена ознака: **„КУПУВАМ ДОМАШНО**“ (“KUPUVAM DOMASHNO”) издадена од резидентна банка која потпишала Договор со Владата на РС Македонија, на чија поврзана сметка се исплатува финансиската поддршка.

Согласно Член 4 од Уредбата, **Домашна платежна картичка ИЗДАВА** банка резидент на РС Македонија, која се согласила со условите и критериумите и која **во рок од три дена** од денот на влегување во сила на Уредбата (***30.05.2020***), **потпишала договор со Владата** на РСМ **за издавање на домашна платежна картичка.**

Генералниот секретаријат на **Владата** на РС Македонија, **до Клириншката куќа КИБС АД** Скопје, **доставува единствена Листа на корисници** на финансиска поддршка, со податок за ЕМБГ.

Во рок од еден ден од денот **на добивањето на Листата Клириншката куќа КИБС ќе достави информација** до Генералниот секретаријат на **Владата** на РС Македонија, за корисниците на финансиска поддршка кои поседуваат трансакциски сметки според ЕМБГ.

**Управата за јавни приходи до** Генералниот секретаријат на **Владата** на РС Македонија, **ќе достави податоци за трансакциската сметка во банка** на која корисниците на финансиска поддршка односно Вработеноте лица со низок доход и Здравстените работници, примаат плата, односно соц-ијална помош или надомест за невработеност за корисниците на финансиска поддршка однос-но за граѓаните со низок доход.

**По добивање на податоците**, Генералниот секретаријат на **Владата** на РСMakedonija, **ќе изврши распределба на лицата корисници на финансиска поддршка по банки заради издавање на ДПК.**

### *3.1. Трансакциски сметки на корисниците на финасиска поддршка*

Корисниците на финансиска поддршка, **кои имаат трансакциска сметка само кај една банка,** ќе бидат распределени за добивање на ДПК во банката во која имаат трансакциска сметка.

Корисниците на финансиска поддршка, **кои имаат трансакциска сметка кај две или повеќе банки** или имаат сметка кај банка **која не потпишала договор**, Генералниот секретаријат на **Владата** на РС Македонија, ги распределува за издавање на ДПК **кај една од банките,** која има склучено Договор со Владата според принципот на фер рамномерна распределба, а

во согласност со расположливите капацитети на секоја од банките, давајќи предност на распоредување на лица со трансакциските сметки на кои примаат плата или социјална помош во банка .

Корисниците на финансиска поддршка **кои немаат отворено трансакциска сметка кај ниту една банка**, се распределуваат за издавање на ДПК кај една од банките според принципот на фер рамномерна распределба, а во согласност со расположливите капацитети на секоја од банките.

***3.2. Доставување на конечна листа на корисници на финасиска поддршка од страна на Владата до Банката издавач нма Домашни платежни картички (ДПК)***

Согласно член 4 став 9 од Уредбата, ро извршена проверка и распределба на корисници на финансиска поддршка, Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија до банките **во рок од пет дена** од денот на влегувањето во сила на Уредбата со законска сила **доставува конечна Листа на корисници на финансиска поддршка која ги содржи лицата корисници на финансиска поддршка на кои банката издавач на ДПК ќе им издаде ДПК.**

Конечната листа на корисници на финансиска поддршка со податок за името и презимето на корисникот и банката издавач на ДПК, Генералниот секретаријат на Владата на РСMakedonija, ја објавува на **www.kupuvamdomasno.gov.mk** во рок од пет дена од денот на влегување во сила на Uредбата.

Корисникот на финансиска поддршка, **има право да ја одбие финансиската поддршка,** во рок пет дена од денот на објавувањето на Конечната листа.

Одбивањето на финансиската поддршка се врши преку www.kupuvamdomasno.gov.mk, односно преку банка издавач на ДПК, во писмена форма или преку е-маил, во спротивно се смета дека финансиската поддршка уредена со Уредбата со законска сила се прифаќа.

### *3.3. Склучување на Договор за за издавање на Домашна платежна картичка (ДПК)*

Согласно член 4 став 11, **Банката издавач на ДПК склучува договор за издавање** на ДПК и **отвора трансакциска сметка** на корисник на финансиска поддршка во согласност со закон и општите акти на банката издавач.

За уредно се смета склучувањето договор за издавање на ДПК преку објавување на формуларен (**типски**) договор на интернет страната на банката издавач на ДПК или во простории на банката издавач на ДПК и приемот на изјава во е-форма од корисникот на финансиска поддршка, дека е запознаен и ги прифаќа условите од објавениот договор.

Малолетен граѓанин корисник на ДПК кој има валиден документ за идентификација (***лична карта или пасош***), согласно оваа уредба со законска сила, ќе може самостојно да даде согласност и да склучи Договор за издавање на ДПК и отворање на трансакциска сметка, без присуство на родител/старател и без нивно евидентирање во својство на законски застапник во банката и истото ќе се смета дека е во согласност со Законот за облигациони односи и другите прописи кои се однесуваат на работењето на банките.

Сите мерки и дејствија на анализа, идентификување, потврдување на идентитет, редовна проверка и ажурирање на клиенти - корисници на финансиска поддршка во согласност со прописите што го уредуваат спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам од страна на банката издавач на ДПК при склучување на договорите, ќе се преземаат врз основа на податоците добиени и со задржување на копија од важечки документ за идентификација, издаден од надлежен орган во хартиена и/или електронска форма, а без обврска за пополнување на други документи за регистрација/ ажурирање на клиентите.

Банката може да побара од корисникот на ДПК електронски да достави други документи потребни за регистрација/ажурирање на клиентите.

Прибирањето на податоци на овој начин и нивниот пренос банките ќе се вршат во криптирана форма, што ќе се смета дека е во согласност со важечките законски прописи што го регулираат спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам и прописите за заштита на личните податоци.

Доколку корисникот на финансиска поддршка се смета за клиент - носител на јавна функција според важечките прописи што го регулираат спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам, истиот е должен при склучување на договор да ја извести банката издавач на ДПК за таквата околност.

Во спротивно, ќе се смета дека корисникот на финансиска поддршка не е носител на јавна функција.

### *3.4. Проверка и исплата на средства за финансиска поддршка на корисникот на финасиска поддршка*

Согласно член 4 став 14 од Уредбата, корисникот на финансиска поддршка, со внесување на својот ЕМБГ на интернет страната www.kupuvamdomasno.gov.mk со безбедносен (HTTPS) протокол, **проверува во која банка издавач ќе му биде издадена ДПК и висината на финансиската поддршка**.

Во рок од три дена од денот **на извршената достава на Конечната листа** на корисници на финансиска поддршка, Генералниот секретаријат на **Владата** на РС Македонија, **врши исплата на средствата** за финансиска поддршка **на банките, во висина утврдена за секоја банка одделно.**

Банката издавач на ДПК, **домашна платежна картичка издава** на корисниците на финансиска поддршка **од Конечната листа на корисници на финансиска поддршка** во најкус можен рок, согласно со расположливите капацитети на банката, **а најдоцна до (18.07.2020 година).**

**Банката издавач** на ДПК на **својата интернет страна го објавува начинот на уредна достава и прием на ДПК до корисниците на финансиската поддршка,** на кои им издала ДПК.

Банката издавач на ДПК, **издадената платежна картичка ја доставува на адресата на живеење** на лицето корисник на финансиска поддршка **од Листата на корисници** на финансиска поддршка **и обезбедува доказ** за приемот на ДПК, од лицето корисник на финансиска поддршка.

За извршен прием и уредна достава се смета доставата со препорачана пратка преку пошта, доставата од страна на банката, како и приемот на ДПК во просториите на банката.

## *4. УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ФИНАНСИСКА ДОМАШНА КАРТИЧКА (ДПК) НА КОРИСНИЦИТЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

Согласно член 5 од Уредбата, финансиската поддршка е еднократен износ кој се исплатува на ДПК издадена од банка издавач на ДПК, резидент на РС Македонија, на лице корисник на финансиска поддршка согласно со Уредбата.

Договорот за издавање на домашна платежна картичка и **договорот меѓу банката издавач** на ДПК и **корисник на финансиска поддршка,** содржи задолжителни елементи според кои банката издавач на ДПК на лице корисник на финансиска поддршка:

- **Не пресметува и наплатува надоместоци за издавање на ДПК,**
- **Не пресметува и наплатува членарина за првата година на важност на ДПК,**
- **Не пресметува и наплатува надоместоци за отворање, водење, управување, одржување и слични надоместоци за сметката поврзана со ДПК, до крајот на 2020 година,**
- **Овозможува продолжување на користење на ДПК и по истекот на календарска 2020 година, во согласност со општите правила и услови за користење на платежната картичка што банката издавач ги објавила на својата интернет страна и**
- **Не наплатува надоместоци за затворање на сметката и за затворање и/или одјавување на ДПК на барање на лицето корисник на финансиска поддршка.**

### *4.1. Исплата на утврдениота висина од домашната платежбна картичка (ДПК)*

Согласно член 5 став 3 од Уредбата, износот за користење на средствата од домашната платежна картичка изнесува и тоа за:

- **ГРАЃАНИТЕ- корисници на финансиска поддршка** ќе добијат еднократна финансиска поддршка **во износ од 9.000 денари по лице.**

- **РАБОТНИЦИТЕ-корисници на финансиска поддршка** ќе добијат еднократна финансиска поддршка **во износ од 3.000** денари по лице.
- **МЛАДИТЕ ЛИЦА корисници на финансиска поддршка** ќе добијат еднократна финансиска поддршка **во износ од 3.000 денари по лице.**
- **ЗДРАВСТВЕНИТЕ работници-корисници на финансиска поддршка** кои учествувале во тестирање и дијагностицирање на граѓани заболени од **COVID-19** и нивно лекување, **ќе добијат еднократна финансиска поддршка во висина на 40% од износот на последната пресметана основна нето плата на секој работник,** одделно до денот на влегување во сила на Уредбата.

Примената финансиска поддршка на ДПК, корисниците на финансиска поддршка ја користат исклучиво за купување на македонски производи и услуги кај правни и физички лица вршители на стопанска дејност, резиденти на РС Македонија во **периодот од денот на приемот на ДПК до (15.08.2020 година.)**

**On-line набавката од интернет страници** во сопственост на македонски правни и физички лица вршители на стопанска дејност за целите на финансиска поддршка се однесува на македонски производи и услуги.

По истекот на рокот **до (15.08.2020 godina)**, **престанува** можноста за користење на финансиската поддршка од Уредбата.

По истекот на рокот, (**15.08.2020**), **збирниот износ на неискористени парични средства** од добиената финансиска поддршка, **банката издавач** на домашната платежна картичка е **должна да го врати на буџетската сметка, во рок од три дена после (15.08.2020 година)**, без наплата на трошоци за извршената трансакција.

Банката издавач на домашната платежна картичка заедно со враќањето на неискористените парични средства до Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија ќе достави Информација за искористените ***(потрошени***) парични средства и за неискористените (***непотрошени***) парични средства што ги враќа поединечно по лице корисник на финансиска поддршка и збирно.

**ДОМАШНАТА ПЛАТЕЖНА КАРТИЧКА** може да се користи за плаќање на македонски производи и услуги на ПОС терминал и виртуелен ПОС терминал на правно и физичко лице вршител на стопанска дејност согласно со Националната класификација на дејности, односно Меѓународната категоризација на трговец по ИСО стандардизација **(Merchant Category Code, скратено MCC),** дадена во **Прилог број 1 од Уредбата.**

**МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ**" се производи и стоки за финална потрошувачка произведени од правни и физички лица вршители на стопанска дејност, резиденти на РСМ **освен алкохолни пијалаци, тутун и преработки на тутун.**

**МАКЕДОНСКИ УСЛУГИ**" се услуги направени од правни и физички лица вршители на стопанска дејност, резиденти на РС Македонија.

За дејностите **од Прилогот број 1** кои респективно не се поврзани со Меѓународната категоризација на трговец по ИСО стандардизација поврзувањето ќе го направи секоја банка.

### *4.2. Неможност за користење на домашна платежна картичка (ДПК)*

Согласно член 5 став 8 од Уредбата, примената финансиска поддршка **не може да се користи со употреба на било кој друг платен инструмент,** освен со ДПК од оваа уредба со законска сила.

Со ДПК финансиската поддршка не може да се користи за:

- **Подигнување на готовина од банкомати, од ПОС терминали или со налог за исплата на готовина на шалтерите на банките, конверзија во странска валута или како замена за готовина,**
- **Плаќања производи и услуги на физички и/или интернет (виртуелни) пос терминали, за подигнување на готовина на банкомати и други терминали, опслужувани од нерезиденти и/или резиденти, вршители на дејност надвор од територијата на РС;**
- **Пренос на парични средства кон други сметки во банката издавач на ДПК и/или кон други сметки кај**

**друг носител на платен промет, независно дали е тоа сметка на лицето корисник на финансиската поддршка или е сметка на друго физичко и/или правно лице;**

- **Плаќање за македонски производи и услуги кои не ги исполнуваат дефинициите од членот 2 точки 5) и 6) од Уредбата.**
- **Плаќање на правни и физички лица кои не го исполнуваат условот за вршење на дејност.**

Примената финансиска поддршка е изземена од извршување спрема корисник на финансиска поддршка по било која основа.

За лицата корисници на финансиска поддршка кои имаат блокирани сметки, банката издавач на ДПК ќе отвори посебна сметка за намените од оваа уредба со законска сила.

Во периодот **од издавањето на ДПК до истекот на рокот за користење на финансиската помош**, **банката издавач на ДПК нема да врши уплати** на средства на сметката поврзана со издадената ДПК.

Собраните и обработени лични податоци се чуваат во рокови утврдени со Законот за банките.

### *5. КОРИСТЕЊЕ НА ДОМАШНА ПЛАТЕЖНА КАРТИЧКА (ДПЛ) ВО ТРГОВИЈАТА НА МАЛО*

Согласно член 6 од Уредбата, правните и физички лица вршители на стопанска дејност, во објектите за трговија на мало утврдени ***во Прилогот број 1*** од Уредбата, ќе обезбедат посебно обележани рафтови, гондоли и слично со ознаката „***КУПУВАМ ДОМАШНО***“ на кои ќе бидат изложени македонски производи за продажба на лицата - корисници на финансиската поддршка од оваа уредба со законска сила.

Правните и физички лица вршители на стопанска дејност **што вршат on-line** продажба преку интернет страници имаат обврска јасно да ги истакнат и посебно да ги издвојат македонските производи и услуги .

За **прометот на производи**, правните и физички лица вршители на стопанска дејност **ИЗДАВААТ ФИСКАЛНА СМЕТКА** која задолжително **содржи линија во фискалната сметка за вкупен промет** остварен од македонски производи со текст **„ПРОМЕТ ОД МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ“,** пресметан данок на додадена вредност од македонски производи прикажан по даночни стапки и вкупен износ на данок на додадена вредност од македонски производи.

За прометот на македонски услуги, правните и физички лица вршители на стопанска дејност издаваат фискална сметка со наведените содржини.

Фискални сметки кои содржат Македонски производи кои се производи и стоки за финална потрошувачка произведени од правни и физички лица вршители на стопанска дејност, резиденти на РС Македонија, освен алкохолни пијалоци, тутун и преработки од тутун, и услуги направени од правни и физички лица вршители на стопанска дејност ма РС Македонија, **не може да се плаќаат со домашната платежна картичка.**

**НАПОМЕНА: Примената финансиска поддршка не се оданочува со данок на доход, согласно со Законот за данокот на личен доход.**

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на Уредбата со законска сила врши Државниот пазарен инспекторат и Управата за јавни приходи согласно нивните надлежности утврдени со закон.

***6. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕБИ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА УРЕДБАТА***

Согласно Член 9 од Уредбата, **Глоба во износ од 100 до 500 евра** во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на правно лице (**микротрговец**), **од 300** до **1.000 евра** во денарска противвредност на правно лице (***мал трговец***), **од 1.000 до 3.000 евра** во денарска противвредност на правно лице (***среден трговец***) и **од 1.000 до 3.000 евра** во денарска противвредност на правно лице (***голем трговец***) ако постапува спротивно на одредбите од членот 6 на Уредбата.

**Глоба во износ од 100 до 250 евра** во денарска противвредност, ќе му се изрече за сторен прекршок на трговец поединец или физичко лице кое врши стопанска дејност, ако постапува спротивно на одредбите од членот 6 од Уредбата.

**Глоба во износ од 50 до 250 евра** во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорно лице во правно лице (***микротрговец),*** од **100 до 500 евра** во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице ***(мал трговец***), **од 150 до 500 евра** во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (***среден трговец***) и од **200 до 500 евра** во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (***голем трговец***) за непочитување на одредбите од членот 6 од Уредбата.

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице, трговец поединец и физичко лице кое врши стопанска дејност и одговорно лице во правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

Злоупотребата и фалсификувањето на домашната платежна картичка од страна на физички и правни лица подлежат на казна согласно со Кривичниот законик.

**ПРИЛОГ 1:**

**ДЕЈНОСТИ ЗА КОИ МОЖЕ ДА СЕ ПЛАЌА СО ДОМАШНА ПЛАТЕЖНА КАРТИЧКА**

**55 ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ**

**55.10** Хотели и слични објекти за сместување (MCC код: 7011; 3509)

**55.20** Одморалишта и останати објекти за пократок престој (MCC код: 7011; 6513)

**55.30** Кампови, автокампови и простори за кампирање (MCC код: 7011; 6513)

**55.90** Друг вид на сместување (MCC код: 7011; 6513)

**56 ДЕЈНОСТИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ОБРОЦИ И СЛУЖЕЊЕ НА ХРАНА**

**56.10** Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна (MCC код: 5812; 5814)

**56.21** Услуги на доставување на храна и пијалаци за посебни прилики (кетеринг) (MCC код: 5811; 5812)

**56.29** Останати услуги за подготвување и служење на храна (МСС код: 5811; 5812)

**56.30** Подготовка и послужување на пијалаци (МСС код: 5813)

**79 ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ, ОРГАНИЗАТОРИ НА ПАТУВАЊА (ТУРОПЕРАТОРИ) И ОСТАНАТИ РЕЗЕРВАЦИСКИ УСЛУГИ . КАКО И ДЕЈНОСТИТЕ ПОВРЗАНИ СО НИВ**

**79.11** Дејности на туристичките агенции (МСС код: 4722)

**79.12** Дејности на организаторите на патувања (туроператори) (МСС код: 4722)

**79.90** Останати резервациски услуги и дејности поврзани со нив (МСС код: 4722)

**47 ТРГОВИЈА НА МАЛО, ОСВЕН ТРГОВИЈА СО МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ**

**47.11** Трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалаци и тутун (МСС код: 5411; 5310; 5993; 5499)

**47.19** Друга трговија на мало во неспецијализирани продавници (МСС код: 5411; 5310; 5993; 5499)

**47.21** Трговија на мало со овошје и зеленчук во специјализирани продавници (МСС код: 5411; 5310; 5311; 5993; 5499)

**47.22** Трговија на мало со месо и производи од месо во специјализирани продавници (МСС код: 5422)

**47.23** Трговија на мало со риби, лушпари и мекотели во специјализирани продавници (МСС код: 5422)

**47.24** Трговија на мало со леб, печива, колачи и слатки во специјализирани продавници (МСС код: 5411; 5310; 5441; 5462)

**47.25** Трговија на мало со пијалаци во специјализирани продавници (МСС код: 5921)

**47.29** Друга трговија на мало со храна во специјализирани продавници (МСС код: 5411; 5310; 5499)

**47.73** Аптеки (МСС код: 5912)

**47.51.** Трговија на мало со текстил во специјализирани продавници (МСС код: 5697, 5699)

**47.59** Трговија на мало со мебел, опрема за осветлување и други предмети за домаќинствата, во специјализирани продавници (МСС код: 5712,5719)

**47.61** Трговија на мало со книги во специјализирани

продавници (МСС код: 5942)

**47.64** Трговија на мало со спортска опрема во специјализирани продавници (МСС код: 5941,5655)

**47.71** Трговија на мало со облека во специјализирани продавници (МСС код: 5611, 5651, 5691, 5621, 5699, 5641, 5655)

**47.72** Трговија на мало со обувки и предмети од кожа во специјализирани продавници (МСС код: 5661)

**47.73** Аптеки (МСС код: 5912)

**47.75** Трговија на мало со козметички и тоалетни препарати во специјализирани продавници (MSS kod; 5977)

**47.81** Трговија на мало со храна, пијалаци и тутунски производи на тезги и пазари

**47.82** Трговија на мало на тезги и пазари со текстил, облека и обувки

**47.89** Трговија на мало со други стоки на тезги и пазари

**47.91** Трговија на мало преку пошта и интернет

**47.99** Друга трговија на мало вон продавници, тезги и пазари

**96.02 - ФРИЗЕРСКИ САЛОНИ И САЛОНИ ЗА РАЗУБАВУВАЊЕ (МСС код: 7230)**

**96.09** Останати лични услужни дејности, неспомнати на друго место (МСС код: 8999)

- Граѓани запишани во регистарот за угостителска дејност од мал обем за вршење услуги за издавање легла за гости туристи во домашно сместување (МСС код: 7011; 6513).

# ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ

*дипл. економист: Јулија Минковска*

## *СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МЕДИУМИТЕ*

***Во „Службен весник на РСМакедонија" 156/20 објавена е Уредбата со законска сила, за субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во медиумите ,која стапи во сила од 12.06.2020.***

### *ВОВЕД*

Со Уредбата со законска сила за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурвање ***(во продолжение Уредбата)***, се уредуваат условите, начинот и постапката на субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработените во медиум-ите кои работеле и известувале за надминување на состојбата со **COVID-19** за време на траење на вонредната состојба, за месец **ЈУНИ, ЈУЛИ И АВГУСТ 2020 година.**

**ОБВРЗНИК** за пресметка и уплата на придонесите е работодавачот- **медиумот** согласно Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување.

**ОСИГУРЕНИК** е физичко лице задолжително осигурено според законите, кои го уредуваат системот на задолжително социјално осигурување.

## *1. СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ*

Согласно член 3 од Уредбата, на работодавачот - медиум, за секој осигуреник за месец **ЈУНИ, ЈУЛИ И АВГУСТ 2020 година** му се субвенционира **100% од износот за исплата на придонеси** од задолжително социјално осигурување.

### *1.1 Услов за субвенционирање на придонесите*

Согласно член 4 од Уредбата, субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување се врши за оној работодавач - **МЕДИУМ кој не отпуштил ниту еден вработен со состојба на 15 март 2020 година** заклучно со последниот ден за кој користел субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување, освен заради:

1. **Рензионирање и смрт на работник;**
2. **Откажување на договорот за вработување од страна на работникот;**
3. **Откажување на договорот за вработување без отказен рок од страна на работодавачот поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски;**
4. **Спогодбено преземање на работник;**
5. **Престанување на важноста на договорот за вра ботување врз основа на судска пресуда;**
6. **Престанување на важноста на договорот за вработување поради утврдена трајна неспособност за работа и**
7. **Бројот на вработените кај работодавачот-медиум на денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила да не е под три лица.**

Покрај претходно спомнатите услови, исплатената плата на осигуреникот за месец **ФЕВРУАРИ 2020 година**, за кој се **обезбедува субвенционирање** на придонесите од задолжително социјално осигурување **ДА НЕ Е НАМАЛЕНА** во периодот на користењето на субвенционирањето и **два месеци потоа.**

**1.2.** ***Поднесување на Барање на субвенционирање на придонесите***

Согласно член 5 под Уредбата, за остварување на правото за субвенционирање, работодавачот - медиум поднесува **БАРАЊЕ за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување до Управата за јавни приходи.**

Во Барањето **работодавачот - МЕДИУМ** приложува **ИЗЈАВА од застапникот по закон за исполнетоста на условите од уредбата.**

Поднесувањето на Барањето се врши **преку системот Е-даноци на Управата за јавни приходи**, а комплетното барање го проверува и потврдува Управата за јавни приходи, во рок од пет дена од денот на неговото поднесување.

Работодавачот – **МЕДИУМОТ** може да користи субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување, согласно оваа уредба со законска сила**, доколку**:

- **МЕДИУМОТ** имаат дозвола за телевизиско или радио емитување, доделена од страна на Агенцијата за аудиовизуелни медиумски услуги на РСМакедонија и се регистрирани во регистарот на телевизии и регистарот на радија на Агенцијата и хостирани во РС Македонија;
- **ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ** од општ информативен карактер кои објавуваат содржина насочена кон непрекинато информирање на јавноста за тековните политички, економски, социјални и културни прашања, регистрирани и хостирани на територијата на РС Македонија и кои се регистрирани во регистарот на издавачи на печатени медиуми на Агенцијата , и
- **ЕЛЕКТРОНСКИТЕ МЕДИУМИ** (портали) кои ги имаат веродостоен импресум (уредник, редакција), контакт-податоци и адреса, да имаат регистрирано правно лице и хостирано домеин во Република Северна Македонија и транспарентно да ја декларираат сопственоста.

### *1.3. Поднесување на МПИН пријавата*

Согласно член 6 од Уредбата, **работодавачот - медиум** во Месечната пресметка за интегрирана наплата (МПИН образец), што ја поднесува до Управата за јавни приходи, за осигуреникот за кој бара субвенционирање на плаќањето на придонеси во полето **3.23 внесува ШИФРА 630.**

Управата за јавни приходи, за осигурениците ***за кои е одобрено субвенционирање, го намалува износот на обврската за плаќање на придонеси*** од задолжително социјално осигурување за износот на одобреното субвенционирање на придонесите.

Податоците за одобреното субвенционирање на плаќање на придонеси, Управата за јавни приходи ги доставува до Министерството за труд и социјална политика, **најдоцна до 20-ти во месецот за претходниот месец**.

Износот на ***одобрените субвенции*** на придонеси во претходниот месец го уплатува Министерството за труд и социјална политика на посебни сметки за придонеси од задолжително социјално осигурување на осигуреникот***, најдоцна во рок од 10 дена од прием на податоците*** од страна на УЈР.

Работодавачот-**МЕДИУМ** може да користи **субвенција за исплата на придонеси** од задолжително социјално осигурување, согласно Уредбата, доколку не е објавен на Листата на должници **бр.03/2020 објавена од страната на УЈР.**

### *1.4. Враќање на добиените финансиски средства*

Согласно член 7 од Уредбата, **работодавачот- медиум** кој користел субвенција за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување ***должен е да ги врати добиените финансиски средства во целост***, доколку по извршена контрола од страна на Управата за јавни приходи и/или Држ-авниот инспекторат за труд, се утврди врз основа на решение за утврдена неправилност дека работодавачот - ***медиум не ги исполнил условите.***

**Рабодотавачот- медиум** кој го искористил правото на субвенционирање, а не ги исполнил условите за добивање на правото на субвенционирање, **должен е да го врати износот на субвенции за исплата на придонеси** од задолжително социјално осигурување, на сметка на Буџетот на РС Македонија.

Агенцијата ако утврди дека работодавачот- медиум кој искористил субвенционирање на приоднеси од задолжително социјално осигурување, а не ги исполнил условите, во рок од еден ден ја известува Управата за јавни приходи и Државниот инспекторат за труд, за постапување по службена должност.

# БАРАЊЕ
**за субвенционирање на износ за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во медиумите**

**БС-ПЗСОМ**

Единствен даночен број

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Телефон

е-пошта

Датум и број на прием

## А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ

☐ а) Медиум кој има дозвола за телевизиско или радио емитување, доделена од страна на Агенцијата за Аудиовизуелни Медиумски Услуги на Република Северна Македонија и е регистриран во регистарот на телевизии и регистарот на радија на Агенцијата

☐ б) Печатен медиум од општ информативен карактер кој објавува содржина насочена кон непрекинато информирање на јавноста за тековните политички, економски, социјални и културни прашања, регистриран на територијата на Република Северна Македонија и кој е регистриран во регистарот на издавачи на печатени медиуми на Агенцијата

☐ в) Електронски медиум (портал) кој има веродостоен импресум (уредник, редакција), контакт - податоци и адреса, кој е регистрирано правно лице во Република Северна Македонија и транспарентно ја декларира сопственоста

## Б. НАЗИВ НА МЕДИУМ

Назив на медиум

## В. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ

Број на вработени

## Г. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА СУБВЕНЦИЈА

☐ јуни 2020

☐ јули 2020

☐ август 2020

## Д. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ИЗНОС ЗА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

☐ а) Изјавуваме дека од 15ти март 2020, па се до последниот ден на користење на субвенционирањето, не сме отпуштиле и нема да отпуштиме работник, освен заради случаите наведени во членот 4 од уредбата

☐ б) Исплатената плата на осигуреникот за месец февруари 2020 година за кој се обезбедува субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување не е намалена во периодот на користењето на субвенционирањето и нема да биде намалена два месеци потоа

## Ѓ. ИЗЈАВА ОД ЗАСТАПНИКОТ ПО ЗАКОН ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ

☐ **Изјавувам дека ги разбирам условите под кои се одобрува користењето на оваа субвенција и изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека сите податоци дадени во ова барање се проверени и целосно вистинити**

1/3

**Е. ПРИЛОГ 1)***

Доколку сте избрале поле в) во секција А, задолжително пополнете ги следните полиња:

**1. Одговорните лица на издавачот на медиум**

| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
|---|---|---|---|---|---|

**2. Име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото**

| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |

**3. Интернет адреса**

| Интернет адреса | |
|---|---|

**4. Каде е хостирана Интернет адресата**

| Хост | |
|---|---|

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| Назив / Име и презиме | | | |
|---|---|---|---|
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ**

| Име и презиме | | | |
|---|---|---|---|
| ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

* [illegible]

| Податоци за обработката | |
|---|---|

2/3

# ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ

*дипл. економист: Јулија Минковска*

## *ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ ЗА МЕРКИТЕ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО COVID-19 КРИЗАТА НАСОЧЕНИ КОН МЛАДИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

***Во „Службен весник на РСМ” 156/2020 објавена е Уредбата со законска сила, за финасиска подршка на здруженија и фондации за мерки за справување со COVID-19 кризата насочени кон младите за време на вонредна состојба.***

### *ВОВЕД*

Согласно Уредбата со законска сила за финасиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со **COVID-19** кризата насочени кон младите за време на вонредна сосотојба (***во продолжение Уредбата***), се уредуваат критериумите и постапката за финансиска поддршка на здруженијата и фондациите за преземање итни мерки за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот **COVID-19** насочени кон младите.

Постапката за финансиската поддршка на здруженијата и фондациите ќе се спроведува преку Агенцијата за млади и спорт со средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, **Раздел 16101** – Агенција за млади и спорт, **Програма П1** – Мерки за справување со **COVID-19** кризата, ставка **464 – Разни трансфери**.

## *1. ПРЕДМЕТ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

Согласно член 2 од Уредбата, предмет на финансиска поддршка се исплата на грантови во износ **до 300.000,00 денари**, за програми (проекти) во следниве приоритетни цели:

- **Информирање на младите за мерките и препораките на државните институции за спречување на ширењето на Коронавирусот COVID-19;**
- **Правна и психолошка помош за приспособување за време на пандемија на младите;**
- **Анализа на влијанието на пандемијата врз младите и предлози за менување на политиките и мерките;**
- **Информирање за заштита на човекови права за време на траењето на епидемијата и вонредната состојба;**
- **Онлајн обуки, менторство и кариерно советување за невработени млади лица, со фокус на ранливи категории млади и нивно прилагодување на пазарот на труд;**
- **Онлајн модули за обезбедување совети и поддршка со цел подобро ментално здравје на младите за време на траењето на пандемијата;**
- **Справување со дезинформации, лажни вести, стигматизација и говор на омраза со фокус на младите;**
- **Директна помош и поддршка за време на криза на лица со попреченост, ЛГБТИ млади, млади засегнати од ХИВ и други социјално исклучени групи на млади;**
- **Едукативни онлајн содржини и обуки на следниве теми: ментално здравје кај младите, сеопфатно сексуално образование, менструално здравје, младински работнички права;**
- **Младинско ангажирање и младинско учество за време на пандемија.**

Корисници на финансиска поддршка може да бидат **Здруженија и Фондации** кои ги исполнуваат критериумите утврдени со Уредбата и кои имаат поднесено **ПРОЕКТ**, насочен кон младите за остварување на приоритетните цели.

## *2. КРИТЕРИУМИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

Согласно член 4 од Уредбата, основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите за финансиската подршка од Буџетот на Република Северна Македонија се:

**1. Да се регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации, најмалку една год-ина пред објавувањето на огласот;**

**2. Во последниот наративен извештај да имаат спроведено минимум 2 активности со или за млади;**

**3. Да не добиле финансиска поддршка од претходни огласи на Агенцијата за млади и спорт во тековната 2020 година.**

Проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите кои ги исполнуваат критериумите од член 3 од Уредбата со законска сила, се врши врз основа на следните посебни програмски критериуми:

| Области | Максимум бодови |
|---|---|
| **1. Организациски капацитет** | 20 |
| Дали здружението/фондацијата има искуство во областа, организациска структура и ресурси за спроведување на проектот | |
| | |
| **2. Релевантност на проектот** | 30 |
| Колку целта на проектот ќе придонесе кон реализацијата на дадената приоритетна цел, анализа на состојбата и проблемот, избор на целната група | |
| **3. Квалитет на проектот** | 30 |
| Дали спроведувањето на активностите доведуваат до остварување на предвидените резултати во проектот; дали планот за спроведување е јасен и остварлив | |
| **4. Буџет** | 20 |
| Дали активностите се соодветно изразени во буџетот; оправданост на трошоците | |
| **Вкупно** | 100 |

### *2.1. Доставување на потребни документи за добивање на финансиска поддршка*

Согласно Член 6 од Уредбата, Агенцијата за млади и спорт во рок од еден ден од денот на влегувањето во сила на Уредбата односно од (**13.06.2020 година**), објавува **ОГЛАС** на својата веб страна кој ќе трае 15 дена од денот на влегувањето во сила на Уредбата, заедно со **ПРИЈАВА** за финансиска поддршка на здруженијата и фондациите за преземање итни мерки за справување со кризата предизвикана од коронавирусот **COVID-19** насочени кон младите и **ОБРАЗЕЦ** за буџетот, кои се дадени во **Прилог** и се составен дел на Уредбата.

Здруженијата и фондациите кои се пријавуваат на огласот, **треба да достават:**

**1. Пријава за финансиска поддршка со предлог – проект;**

**2. Предлог-буџет со образложение за оправданост;**

**3. Статут и решение за регистрација на здружението или фондацијата;**

**4. Наративен извештај за изминатата фискална година (2019);**

**5. Завршна сметка на здружението или фондацијата за претходната година (2019);**

Здруженијата и фондациите ***не можат да поднесат повеќе од една пријава*** за финансиска поддршка по огласот.

### *2.2 Одобрување и исплата на средствата за финансиска поддршка*

Согласно член 8 од Уредбата, за користење на финансиската поддршка за здруженијата и фондациите од оваа уредба со законска сила, одлучува Комисија за финансиската поддршка на здруженија и фондации.

Директорот на Агенцијата за млади и спорт ја формира Комисијата која се состои од пет члена и тоа: *четири члена од редот на вработените на Агенцијата за млади и спорт и еден член на предлог на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија,* од редот на вработените во Одделението за соработка со невладин сектор.

Комисијата врз основа на комплетноста на документацијата, проверка на точноста на податоците од истата и извршеното бодување на проектите изготвува **ИЗВЕШТАЈ** со предлог и податоци за одобрување средства за барателите што имаат доставено комплетна документација и истиот го доставува до директорот на Агенцијата за млади и спорт.

По донесување на **решенијата за финансиска поддршка** со здруженијата и фондациите **се потпишува договор за реализација на проектите**.

**Исплатата на средствата за финансиска поддршка на здруженијата и фондациите** за преземање итни мерки за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот **COVID-19** насочени кон младите **се врши на трансакциска сметка на корисникот на финансиската поддршка** врз основа на решение донесено од директорот на Агенцијата за млади и спорт и потпишан договор помеѓу директорот на Агенцијата за млади и спорт и корисникот на финансиската поддршка.

**Доделените средства се користат исклучиво за намената за која се доделени и на начин определен во предлог-проектот.**

Доколку со изврши контрола од страна на Агенцијата за млади и спорт се утврди дека здруженијата и фондациите корисници на финансиската подршка **го злоупотребиле правото на финансиската поддршка** согласно Уредбата, со давање на невистинити податоци во **ПРИЈАВАТА**, или средствата не ги искористиле за намената за која им биле доделени на начин определен во предлог-проектот, **корисниците на финансиската поддршка должни се да ги вратат добиените финансиски средства во целост** на буџетската сметка на Агенцијата за млади и спорт, од каде што е извршена исплатата, во рок од 5 работни дена.

Здруженијата и фондациите доставуваат извештај за користењето на средствата до **Агенцијата за млади и спорт, најдоцна до 31.јануари 2021 година.**

Стр. 14 - Бр. 150 СЛУЖБЕН ВЕСНИК на Република Северна Македонија 12 јуни 2020

Влада на Република Северна Македонија

Агенција за млади и спорт

**АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ**

**ПРИЈАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ ЗА МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КОВИД-19 КРИЗАТА НАСОЧЕНИ КОН МЛАДИТЕ**

| ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ЗДРУЖЕНИЕТО /ФОНДАЦИЈАТА | | |
|---|---|---|
| **Име на здружението /фондацијата** | | |
| Правен статус | ☐ Здружение | ☐ Фондација |
| Место на регистрацијата | (општина) | |
| Датум на регистрација | (дд.мм.гггг) | |
| Единствен матичен број | (ЕМБС) | |
| Единствен даночен број | (ЕДБ) | |
| Број на жиро сметка | | |
| Банка депонент | | |
| Адреса | (улица, број, општина-град) | |
| Телефонски број | | |
| Електронска адреса (e-mail) | | |
| Web-site | (Link) | |
| Facebook | (Link) | |
| Лице за контакт | (име и презиме) | |
| Електронска адреса (e-mail) | | |
| Телефонски број | | |
| Ниво на дејствување на организацијата | | |
| Главен сектор на дејствување | | |
| Човечки ресурси | (број на вработени, хонорарно ангажирани лица и волонтери) | |
| Претходно искуство и спроведени проекти во областа | | |
| Годишен буџет во 2019 година | | |

12 јуни 2020 СЛУЖБЕН ВЕСНИК на Република Северна Македонија Бр. 156 - Стр. 15

Влада на Република Северна Македонија

Агенција за млади и спорт

| ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТ | |
|---|---|
| Назив на проектот | |
| Времетраење на проектот | (во месеци) |
| Планирана временска рамка | (дд.мм. – дд.мм.гггг) |
| Ниво на дејствување | (национално – регионално – локално) |
| -образложение | (Одредете го регионот, општините или заедниците кои ќе имаат придобивка од активностите) |
| Оправданост | (Накратко опишете го актуелниот проблем на кој се однесува проектот и кои се потребите на целните групи.) |
| Целна/и група/и | (Наведете ги чинителите на кои се однесува проектот) |
| Општа цел | (Наведете ја општата цел на проектот) |
| Специфична цел(и) | (Наведете ја/ги специфичните цели на проектот) |
| Резултат(и) | (Ве молиме наведете ги и нумерирајте ги резултатите на проектот) |
| Активности | (Ве молиме наведете ги и нумерирајте ги активностите, со план за нивно спроведување) |
| Релевантност | (Ве молиме накратко опишете ја релевантноста на предложениот проект [illegible] целите и приоритетите на огласот |
| Заштита и безбедност | (Ве молиме накратко објаснете како ќе се [illegible] при спроведувањето на активностите и корисниците [illegible] да бидат директно изложени на коронавирусот и на ризик од инфекција) |

Стр. 18 – Бр. 150 СЛУЖБЕН ВЕСНИК за Република Северна Македонија 12 јуни 2020

Влада на Република Северна Македонија

**Агенција за млади и спорт**

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| Соработка | (Ве молиме наведете дали и како други граѓански организации и/или други релевантни чинители (локална самоуправа, локални/државни институции) ќе бидат вклучени во спроведување на активностите). | |
| Буџет | I Човечки ресурси | денари |
| | II Оперативни трошоци | денари |
| | III Директни трошоци | денари |
| | **Вкупно (I+II+III)** | денари |
| Барање за грант (во денари) | | |
| Кофинансирање (во денари) | (ако е применливо) | |
| Вкупен буџет на проектот (во денари) | (барање за грант + ако е применливо, кофинансирање) | |

__________, __.__. 2020 год.

(Место) (датум)

____________________________

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата)

М.П.

____________________

(Потпис)

12 јуни 2020 СЛУЖБЕН ВЕСНИК Бр. 156 - Стр. 17
за Република Северна Македонија

Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со КОВИД-19 кризата

| ОПРАВДАНОСТ НА ТРОШОЦИТЕ | | |
|---|---|---|
| Буџетска линија | Образложение на ставките | Оправданост (релевантност) на трошоците |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | |
| Плати и надоместоци | | |
| | | |
| | | |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | |
| Транспорт | | |
| | | |
| Канцелариски трошоци | | |
| | | |
| Услуги | | |
| | | |
| Информации и комуникација | | |
| | | |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | |
| Активност 1.1 ... | | |
| Активност 2.1 ... | | |
| Активност ... | | |

Оправданост на трошоците [illegible]

# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

*дипл. економист: Магдица Костадинова*

## *ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ФИЛМСКИТЕ РАБОТНИЦИ, НА ЕСТРАДНИТЕ УМЕТНИЦИ И НА УМЕТНИЦИ И ДРУГИ ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ САМОСТОЈНО ВРШАТ ДЕЈНОСТИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

***Финансиската поддршка на филмските работници, за време на вонредна состојба е регулиранао согласно Уредбата објавена во („Службен весник на РС Македонија” 139/2020, 28.05.2020 година, на естрадните уметници и на уметници и други физички лица кои самостојно вршат дејности и други активности во областа на културата за време на вонредна сосотојба согласно Уредбата објавена во објавена во („Службен весник на РС Македонија” 139/2020 и на естрадните уметници за време на вонредна состојба (Службен весник на РС Македонија 154/2020) 10.06.2020 година.***

### *ВОВЕД*

Со Уредбите со законска сила за филмските работници, на естрадните уметници и на уметници и други физички лица кои самостојно вршат дејности и други активности во областа на културата за време на вонредна сосотјба, се уредуваат условите, начинот и постапката ***за добивање на финансиска поддршка*** неопходна за филмските работници, естрадните уметници и уметниците и другите активности од областа на културата погодени од здравствено - економската криза предизвикана од коронавирусот **COVID-19.**

## *.1. ФИНАСИСКА ПОДРШКА НА ФИЛМСКИТЕ РАБОТНИЦИ*

Согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на филмските работници за време на вонредна состојба (во продолжение Уредбата), се уредуваат условите, нач-инот и постапката за доделување на финансиска поддршка на филмските работници погодени од здравствено-економската криза, предизвикана од коронавирусот COVID-19, за месеците **АПРИЛ И МАЈ 2020 година.**

**ФИЛМСКИ РАБОТНИК** е лице кое учествува во производство на филм.

Постапката за финансиската поддршка на филмските работници ќе се спроведува **преку Агенцијата за филм** на РС Македонија, ***(во продолжение Агенцијата за филм)*** а исплатата на средствата за финансиската поддршка се врши од средствата собрани во Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID - 19, формиран во рамки на Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија.

### *1.1. Користење на финансисика поддршка*

Согласно член 2 од Уредбата, **предмет** на финансиска поддршка е исплата на финансиски средства за месеците **АПРИЛ И МАЈ 2020 година**, **во месечен нето износ од 14.500 денари.**

Корисник на финансиска поддршка согласно одредбите од Уредбата со законска сила **може да биде** филмски раб-отник-**барател** на финансиска поддршка, ако:

- ***е државјанин на Република Северна Македонија;***
- ***во последните пет години работел на минимум три филма поддржани од Агенцијата и***
- ***реализацијата на филмовите кои се поддржани од Агенцијата, а во чие производство барателот на финансиската поддршка требало да учествува, е откажана или одложена поради здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19, што го потврдува Агенцијата.***

Агенцијата за филм, во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на Уредбата односно **од (30.05.2020 година),** на својата веб страна објавува **ЈАВЕН ПОВИК за доставување БАРАЊЕ** за користење на финансиска поддршка на филмските работници.

Барателот на финансиската поддршка во рок од 15 дена од денот на објавувањето на јавниот повик, доставува барање до Агенцијата, кое е дадено во **Прилог 1 од Уредбата.**

Кон барањето барателот на финансиската поддршка доставува **ИЗЈАВА** за исполнетоста на условите, која е дадена во **Прилог 2** од Уредбата.

### *1.2. Неможност за користење на финансиска поддршка*

Согласно член 3 од Уредбата, финансиската поддршка не може да ја оствари филмски работник **кој е опфатен со Уредбата за финансиска поддршка на самостојните уметници за време на вонредна состојб**а, истиот е во редовен **работен однос или е примател на пензија** согласно евиденцијата на Фондот на ПИОМ остварува други приходи по било кој основ и е опфатен со другите економски мерки на Владата на РСМ за справување со здравствено-економската криза, предизвикана од коронавирусот **COVID-19**.

### *1.3. Постапка за добивање на финансиска поддршка*

Согласно член 4 од Уредбата, за користење на финансиската поддршка на филмските работници одлучува Комисија за финансиска поддршка на филмските работници ***(во продолжение Комисијата).***

Директорот на Агенцијата за филм, **во рок од пет дена** од денот на влегувањето во сила на Уредбатаа, **(од 01.06.2020 година**), ја формира Комисијата која се состои од пет члена, тројца од редот на вработените во Агенцијата за филм и двајца на предлог на Друштвото на филмски работници на Македонија.

Врз основа на увид во поднесената документација за остварување на финансиска поддршка на филмските работ-

ници, комисијата врз основа на комплетноста на документацијата и проверка на точноста на податоците од истата, **изготвува ЛИСТА со податоци** за барателите на финансиската поддршка кои имаат доставена комплетна документација и истата во рок од пет дена од денот на истекот на рокот за доставување на барањето за финансиска поддршка ја доставува до директорот на Агенцијата.

**Листата на баратели на финансиска поддршка за филмските работници** што имаат доставено комплетна документација, Агенцијата за филм ја доставува до Агенцијата за вработување дносно до Фондот на ПИОМ, со барање за известување дали секое поединечно лице од доставената листа **е вработено според евиденцијата на Агенцијата за вработување** односно **дали е прималел на пензија** согласно евиденциите на Фондот на ПИОМ.

Агенцијата за вработување односно Фондот на ПИОМ во рок од пет дена од денот на доставувањето на барањето, ја известува Агенцијата за филм **за лицата од листата, доколку се вработени, односно доколку се приматели на пензија.**

Во рок од два дена од добивањето на известувањето, Комисијата констатира **дали се исполнети условите**, како и врз основа на комплетноста на документацијата, **доставува до директорот на Агенцијата ЛИСТА НА ФИЛМСКИ РАБОТНИЦИ**, **заради донесување на решенија за финансика поддршка.**

Директорот на Агенцијата за филм во рок од три дена од денот на доставување на листата ***ги донесува РЕШЕНИЈАТА за утврдување право на финансиска поддршка.***

Агенцијата за филм ***во рок од три дена*** од денот на донесувањето на решенијата, го известува Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија и во **ПРИЛОГ** ги доставува донесените решенија.

Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија, врз основа на решенијата, а согласно член 6 од Уредбата за формирање на Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот **COVID-19, врши исплата на средства за финансиска поддршка на трансакционата сметка на корисникот на финансиска поддршка**,

најмногу ***во рок од 15 дена*** **од денот на доставувањето на решенијата.**

### *1.4. Враќање на средствата за финансиска поддршка*

Согласно член 5 од Уребата, доколку со извршена контрола од страна на Агенцијата за филм, се утврди **дека филмскиот работник го злоупотребил правото на финансиска поддршка** согласно Уредбата, со давање на невистинити податоци во **ИЗЈАВАТА, истиот е должен да ги врати добиените финансиски средства во целост на сметката за донација** во рамки на Владата на РС Македонија – Генерален секретаријат, од каде што е извршена исплатата**, со законска затезна камата, во рок од три месеци од денот на извршената исплата на средствата за финансиска поддршка.**

До
Агенцијата за филм на Република Северна Македонија
Ул „8-ми Март“ бр.4

С к о п ј е

БАРАЊЕ
за исплаќање на финансиска поддршка за филмски работник

Од филмскиот работник, (име и презиме)_____________________, со ЕМБГ ___________со адреса на живеење на улица________________, со трансакциска сметка _______________ депонент на _________________

Барањето го поднесувам за добивање на финансиска поддршка за месеците април и мај 2020 година во месечен нето износ од 14,500,00 денари.
Во прилог на барањето, доставувам Изјава за исполнетост на условите.

Подносител на барањето

____________________

Јас, ___________________________________________, со адреса на живеење на ________________________________________бр._______ и со ЕМБГ_______________________, државјанин на Република Северна Македонија под полна материјална и кривична одговорност, ја давам следната

# И З Ј А В А

за исполнетост на условите за добивање на финансиска поддршка

Во последните пет години како филмски работник, работев на производството на следните три филма:

1. _______________________________________________;
2. _______________________________________________;
3. _______________________________________________,

кои се финансирани од Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

Поради здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19 не остварувам приходи со работа на производство на филмови поддржани од Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, од причина што истите се откажани односно нивната реализација е одложена.

Не сум опфатен со Уредбата за финансиска поддршка на самостојните уметници за време на вонредна состојба, не сум во редовен работен однос, не сум примател на пензија, не остварувам други приходи по било кој основ и не сум опфатен со другите економски мерки на Владата на Република Северна Македонија за справување со здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19.

Во случај на утврдување на невистинитост на податоците од оваа Изјава согласен сум да бидат преземени соодветни законски мерки.

Скопје, ________ 2020 година.

Изјавил:

__________________________

## *2. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА УМЕТНИЦИ И ДРУГИ ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ САМОСТОЈНО ВРШАТ ДЕЈНОСТИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА*

Согласно член 1 од Уредбата со законска сила за финансиска подршка на уметници и други физички лица кои самостојно вршат дејности и други активности во областа на културата за време на вонредна состојба (***во продолжение Уредбата***), се уредуваат условите, начинот и постапката за доделување на финансиска поддршка на уметници и други физички лица кои самостојно вршат дејности или друг вид активности во областа на културата, или преку авторски или друг вид на договор се ангажирани во правно лице кое е регистрирано за вршење на дејност од областа на културата, за месеците **АПРИЛ И МАЈ 2020 година.**

### *2.1. Постапка за добивање на финансискиа поддршка*

Постапката за финансиската поддршка на уметниците и на другите физички лица кои самостојно вршат дејности или друг вид активности во областа на културата, или преку авторски или друг вид на договор се ангажирани во правно лице кое е регистрирано за вршење на дејност од областа на културата, **ќе се спроведува** преку Министерството за култура, а исплатата на средствата за финансиската поддршка се врши од средствата собрани во Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот **COVID-19**, формиран во рамки на Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија.

Предмет на финансиската поддршка е исплата на финансиски средства за месеците **АПРИЛ И МАЈ** 2020 година, во месечен **НЕТО** износ **од 14.500 денари**.

### *2.2. Корисник за добивање на финансиска поддршка*

Согласно член 2 став 3 од Уредбата, корисник на финансиска поддршка, **може да биде уметник или друго физичко лице, БАРАТЕЛ** на финансиска поддршка, ако:

- **е државјанин на Република Северна Македонија и**
- **самостојно или преку авторски или друг вид на договор, учествува во реализација на проект –поддржан на Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2020 година, или во реализација на проект поддржан од меѓународни фондови, односно меѓународни организации, а кој е откажан поради здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19.**

Министерството, во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на Уредбата односно (**од 31.05.2020 година),** на својата веб страна **објавува ЈАВЕН ПОВИК** за доставување **БАРАЊЕ** за користење на финансиска поддршка на уметниците и на другите физички лица кои самостојно вршат дејности или друг вид активности во областа на културата, или преку авторски или друг вид на договор се ангажирани во правно лице кое е регистрирано за вршење на дејност од областа на културата согласно оваа уредба со законска сила.

Барателот на финансиската поддршка **во рок од 15 дена** од денот на објавувањето на јавниот повик, доставува **БАРАЊЕ** до Министерството, кое е дадено во **Прилог 1** даден во Уредбата.

Кон барањето, барателот на финансиската поддршка доставува **ИЗЈАВА** за исполнетоста на условите која е дадена во **Прилог 2** даден во Уредбата.

### *2.3. Неможност за користење на финансиска поддршка*

Согласно член 3 од Уредбата, Финансиската поддршка **не може да ја оствари барател** на финансиска поддршка кој е опфатен со Уредбата за финансиска поддршка на с**амостојните уметници за време на вонредна состојба, е во редовен работен однос, или е примател на пензија** согласно евиденцијата на Фондот на ПИОМ, остварува други приходи по било кој основ, или е опфатен со другите економски мерки на Владата на РСМ за справување со здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот **COVID-19**.

За користење на финансиската поддршка на уметниците и на другите физички лица кои самостојно вршат дејности или друг вид активности во областа на културата, или преку авторски или друг вид на договор се ангажирани во правно лице кое е регистрирано за вршење на дејност од областа на културата, одлучува Комисија за финансиска поддршка (***во продолжение Комисијата).***

Министерот за култура, во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила, ја формира Комисијата која се состои од пет члена, од редот на вработените во Министерството.

### *2.4. Формирање на листа за барачели на финансиска поддршка*

Согласно член 4 од Уредбата, комисијата врз основа на комплетноста на документацијата и проверка на точноста на податоците од истата, изготвува листа со податоци за бар-ателите на финансиската поддршка кои имаат доставена комплетна документација и истата во рок од пет дена од денот на истекот на рокот за доставување на барањето за фин-ансиска поддршка **ја доставува до министерот за култура**.

Листата на баратели на финансика поддршка **на уметни-ците и на другите физички лица** кои самостојно вршат дејности или друг вид активности во областа на културата, или **преку авторски или друг вид на договор се ангажирани во правно лице** кое е регистрирано за вршење на дејност од областа на културата што имаат доставено комплетна документација, Министерството ја доставува до Агенцијата за вработување, односно до Фондот на ПИОМ, со барање за известување дали секое поединечно лице од доставената листа е вработено според евиденцијата на Агенцијата за вработување, односно дали е примател на пензија согласно евиденциите на Фондот на ПИОМ.

Агенцијата за вработување, односно Фондот на ПИОМ во рок од пет дена од денот на доставувањето на барањето го известува Министерството, ***за лицата од листата, доколку се вработени, односно доколку се приматели на пензија***.

Во рок од два дена од **добивањето на известувањето,** Комисијата констатира дали се исполнети условите како и врз основа на комплетноста на документацијата, доставува до министерот за култура **листа на уметниците и на другите физички лица кои самостојно вршат** дејности или друг вид активности во областа на културата, или преку авторски или друг вид на договор се ангажирани во правно лице кое е регистрирано за вршење на дејност од областа на културата, заради донесување на решенија за финансиска поддршка.

Министерот за култура во рок од три дена од денот на доставување на листата **ги донесува решенијата за утврдување право на финансиска поддршка.**

Министерството за култура, во рок од три дена од денот на донесувањето на решенијата, го известува Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија и **во прилог ги доставува донесените решенија**.

Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија, врз основа на решенијата, а согласно член 6 од Уредбата со законска сила за формирање на Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот **COVID-19, врши исплата на средства за финансиска поддршка на трансакционата сметка на корисникот на финансиска поддршка, најмногу во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решенијата од ставот 8 на овој член.**

### *2.5. Враќање на средтватас за финасиска подршка*

Согласно член 5 од Уредбата, доколку со извршена контрола од страна на Министерството за култура се утврди дека барателот на финансиска поддршка го злоупотребил правото на финансиска поддршка согласно Уредбата, **со давање на невистинити податоци во изјавата, истиот е должен да ги врати добиените финансиски средства во целост на сметката за донација** во рамки на Владата на РС Македонија – Генерален секретаријат, од каде што е **извршена исплата, со законска затезна камата, во рок од три месеци** од денот на извршената исплата на средствата за финансиска поддршка.

Прилог 1

До
Министерството за култура
- Скопје

БАРАЊЕ
за добивање на финансиска поддршка
на уметници и на други физички лица кои самостојно вршат дејности и други активности
во областа на културата
за време на вонредна состојба

Од (име и презиме)________________________, со ЕМБГ ____________со адреса на живеење на улица__________________, со трансакциска сметка _________________ депонент на ___________________

Барањето го поднесувам за добивање на финансика поддршка за месеците април и мај 2020 година во месечен нето износ од 14,500,00 денари.
Во прилог на барањето доставувам Изјава за исполнетост на условите и Договор ______________________________________________________.

_________________________
Подносител на барањето

Прилог 2

Јас, ________________________________________, со адреса на живеење на ________________________________бр.______ и со ЕМБГ____________________, државјанин на Република Северна Македонија под полна материјална и кривична одговорност, ја давам следната

И З Ј А В А

за исполнетост на условите за добивање на финансиска поддршка

Поради здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19 проектот од национален интерес______________________ поддржан од Министерството за култура на Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2020 година ______________________________________, односно проектот ________________________поддржан од меѓународниот фонд/меѓународната организација____________________, е откажан.

Не сум опфатен со Уредбата за финансиска поддршка на самостојните уметници за време на вонредна состојба, не сум во редовен работен однос, не сум примател на пензија, не остварувам други приходи по било кој основ и не сум опфатен со другите економски мерки на Владата на Република Северна Македонија за справување со здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19.

Во случај на утврдување на невистинитост на податоците од оваа Изјава согласен сум да бидат преземени соодветни законски мерки.

Скопје, ______________2020 година.

Изјавата ја дава:

## *3. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЕСТРАДНИ УМЕТНИЦИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

Согласно член 1 од Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на естрадните уметници за време на вонредна состојба (***во продолжение Уредбата),*** се уредуваат условите, начинот и постапката за доделување на финансиска поддршка на естрадните уметници погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот **COVID-19**, за месеците **АПРИЛ И МАЈ 2020 година**.

**ЕСТРАДЕН УМЕТНИК** е лице кое учествува во создавање и интерпретација на изворна или современа и новокомпонирана музика и е член на Здружението на естрадни уметници на Македонија.

### *3.1 .Постапка за добивање на финансиска поддршка*

Согласно член 2 од Уредбата, постапката за финансиската поддршка на естрадните уметници ќе се спроведува **преку Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија,** а исплатата на средствата за финансиската поддршка се врши од средствата собрани во Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID-19, формиран во рамки на Генералниот секретаријат.

Предмет на финансиска поддршка е исплата на финансиски средства за месеците **АПРИЛ И МАЈ 2020 година**, во месечен нето износ од **14.500 денари.**

Корисник на финансиска поддршка согласно одредбите од оваа уредба со законска сила може да биде естраден уметник-барател на финансиска поддршка, ако:

- **е државјанин на Македонија;**
- **не е вработен или ангажиран со договор на дело во друг правен субјект, според евиденцијата на Агенцијата за вработување на Македонија;**
- **не остварува други приходи по било кој основ за месеците април и мај 2020 година;**

- **активностите во кои требало да учествува се откажани поради здравствено-економската криза предизвикана од Коронавирусот COVID-19, што го потврдува Здружението на естрадни уметници на Македонија и - во последните пет години остварил значајна музичка кариера, учествувал во интерпретација или создавање на изворна или современа и новокомпонирана музика, учествувал на врвните фестивали од областа во земјата, што го потврдува Здружението на естрадни уметници на Македонија.**

Генералниот секретаријат, во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на Уредбата **(од 13.06.2020 година**), со законска сила, на својата веб страна објавува **ЈАВЕН ПОВИК** за доставување барање за користење на финансиска поддршка на естрадните уметници.

Барателот на финансиската поддршка во рок од 15 дена од денот на објавувањето на јавниот повик, доставува **БАРАЊЕ** до Генералниот секретаријат, кое е дадено во **Прилог 1** од Уредбата.

Кон барањето, **барателот** на финансиската поддршка доставува **ИЗЈАВА** за исполнетоста на условите, која е дадена во **Прилог 2** и е составен дел на Уредбата.

### *3.2. Неможност за користење на финансиска поддршка*

Согласно Член 3 од Уредбата, финансиската поддршка, **не може да ја оствари естраден уметник**, кој е опфатен со Уредбата за финансиска поддршка на самостојните уметници за време на вонредна состојба, истиот е примател на пензија согласно евиденцијата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на РС Македонија остварува други приходи по било кој основ и е опфатен со другите економски мерки на Владата на РС Македонија, за справување со здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19.

За користење на финансиската поддршка на естрадните уметници одлучува Комисија за финансиска поддршка на естрадните уметници ***(во продолжение Комисијата).***

Генералниот секретар на Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија, **во рок од пет дена** од денот на влегувањето во сила на Уредбата **(од 15.06.2020 година**), ја формира Комисијата која се **состои од пет члена**, и тоа националниот координатор за развој на културата и меѓурресорска соработка во Владата на РС Македонија, посебниот советник за култура на претседателот на Владата на РС Македонија, и еден член на предлог на генералниот секретар на Владата на РС Македонија, од редот на вработените административни службеници во Генералниот секретаријат на Владата на РСМакедонија, и двајца членови на предлог на Здружението на естрадни уметници на Македонија, од редот на истакнати естрадни уметници.

### *3.3. Изготвување на листа за баратели на финансиска поддршка*

Согласно член 4 од Уредбата, врз основа на увид во поднесената документација за остварување на финансиска поддршка на естрадните уметници, Комисијата врз основа на комплетноста на документацијата и проверка на точноста на податоците од истата, **изготвува ЛИСТА со податоци за барателите на финансиската поддршка кои имаат доставена комплетна документација** и истата во рок од пет дена од денот на истекот на рокот за доставување на барањето за финансиска поддршка ја доставува до генералниот секретар на Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија.

Листата на баратели на финансиска поддршка за естрадните уметници што имаат доставено комплетна документација, Генералниот секретаријат ја доставува до Агецијата за вработување односно до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување со **БАРАЊЕ** за известување дали секое поединечно лице од доставената листа е вработено според евиденцијата на Агенцијата за вработување односно дали е примател на пензија согласно евиденциите на Фондот на ПИОМ.

Агенцијата за вработување, односно Фондот на ПИОМ во рок од пет дена од денот на доставувањето на **БАРАЊЕТО**, го известува Генералниот секретаријат ***за лицата од листата, доколку се вработени, односно доколку се примател на пензија.***

Во рок од два дена од добивањето на известувањето Комисијата констатира дали се исполнети условите, како и врз основа на комплетноста на документацијата, доставува до генералниот секретар на Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија, заради донесување на решенија за финансиска поддршка. Генералниот секретар на Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија, во рок од три дена од денот на доставување на листата, **ги донесува решенијата за утврдување право на финансиска поддршка**.

Генералниот секретаријат на Владата на РС Македонија врз основа на донесените решенија, а согласно член 6 од Уредбата за формирање на Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот **COVID-19, врши исплата на средства за финансиска поддршка на трансакционата сметка на корисникот на финансиска поддршка,** најмногу во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решенијата од ставот 7 на овој член.

### *3.4. Враќање на средстватас за финансиска поддршка*

Согласно Член 5 од Уредбата, доколку со извршена контрола од страна на Генералниот секретаријат се утврди дека **естрадниот уметник го злоупотребил правото на финансиска поддршка** согласно Уредбата, со давање на невистинити податоци во изјавата **е должен да ги врати добиените финансиски средства во целост** на сметката за донација во рамки на Владата на РС Македонија, – Генерален секретаријат, од каде што е извршена исплатата, со законска затезна камата, во рок од три месеци од денот на извршената исплата на средствата за финансиска поддршка.

Прилог 1

До

Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

Бул „Илинден“ бр.2

Скопје

БАРАЊЕ

за исплаќање на финансиска поддршка за естраден уметник

Од естрадниот уметник, (име и презиме)______________________, со ЕМБГ ____________со адреса на живеење на улица________________, со трансакциска сметка ________________ депонент на __________________

Барањето го поднесувам за добивање на финансиска поддршка за месеците април и мај 2020 година во месечен нето износ од 14.500,00 денари.

Во прилог на барањето, доставувам Изјава за исполнетост на условите.

Подносител на барањето

______________________

ірилог 2

ас, ________________________________________, со адреса на живеење на
________________________________ бр.______ и со
:МБГ____________________, државјанин на Република Северна Македонија под
олна материјална и кривична одговорност, ја давам следната

И З Ј А В А

за исполнетост на условите за добивање на финансиска поддршка

Іоради здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19 не
стварувам приходи со работа на активности, од причина што истите се откажани.

Во последните пет години учествував во интерпретација или создавање на изворна или
овремена и новокомпонирана музика, учествував на врвни фестивали од обласга во
емјата.

Іе сум опфатен со Уредбата за финансиска поддршка на самостојните уметници за време
іа вонредна состојба, не сум во редовен работен однос, не сум примател на пензија, не
стварувам други приходи по било кој основ и не сум опфатен со другите економски
іерки на Владата на Република Северна Македонија за справување со здравствено-
кономската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19.

Во случај на утврдување на невистинитост на податоците од оваа Изјава согласен сум да
ідат преземени соодветни законски мерки.

Скопје, _______ 2020 година.

Ізјавил:

________________________

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*дипл. правник Христина Игнатоска*

## *ГОДИШЕН ОДМОР*

***Согласно Законот за работните односи (“Службен весник на РМ” 62/05…110/19), работникот има право на годишен одтор во траење од најмалку 20 работни дена, а годишниот одмор со колективен договор или договор за вработување, може да се продолжи до 26 работни дена.***

### *ВОВЕД*

Одредбите од член 32 став 5 од Уставот на Република Ма-кедонија (“Службен весник на РМ” 52/91...107/05), секој врабо-тен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор.

Ова уставно начело е разработено во член 145 став 2 од Законот за работни односи (‘’Службен весник на РМ’’ 62/05…110/19), според кој ништовна е било каква спогодба, со која работникот би се откажал од правото на годишен одмор.

Законот за работни односи го нормира траењето на годишниот одмор, начинот на определување на траењето на истиот, користење на годишниот одмор, како и други прашања поврзани со истиот.

Врз основа на одредбите од член 4 од Законот за работните односи, се применува и за работниците од земја членка на ЕУ, како и претпријатие од земја која не е членка на ЕУ, за склучените договори за работа, склучени за вршење на работа на територијата на РМ.

Наведената одредба за годишен одмор се однесува и за работниците упатени на привремена работа во РМ од работодавач во земја членка на ЕУ или од земја која не е членка на ЕУ.

## *1. СТЕКНУВАЊЕ ПРАВО НА ГОДИШЕН ОДМОР*

Работникот има право на дневен одмор во траење од најмалку 12 часа непрекинато, во текот на 24 часа.

Работникот има право на неделен одмор во траење од најмалку 24 часа непрекинато. Ден на неделниот одмор по правило е недела.

Заради објективни, технички и организациони причини, на работникот може да му се обезбеди неделен одмор, во некој друг ден во неделата.

Должината на годишниот одмор, согласно член 40 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, се утврдува согласно:

- *Времето поминато во работен однос;*
- *Сложеноста на работите на работното место;*
- *Условите за работа;*
- *Здравствената состојба на работникот и за*
- *Работник помлад од 18 години*

Доколку работникот го надминува максимумот по основ на наведените критериуми, има право на годишен одмор најмногу до 26 работни дена.

Должината на годишниот одмор, стекната по основ на Здравствената состојба на работникот и за Работник помлад од 18 години, може да изнесува и повеќе од 26 работни дена.

Со колективниот договор на ниво на гранка, оддел или на ниво на работодавач, можат да се утврдат и други критериуми, со кои ќе се определува должината на траењето на годишниот одмор, а исто така може да се определи и времетраење на годишен одмор над 26 работни дена, за работниците кои работат во исклучително тешки услови за работа.

Покрај тоа, годишниот одмор е регулиран со одредбите од членот 137 од Законот за работни односи. Според истиот:

*Работникот има право на годишен одмор во траење од најмалку **20 работни дена**, а годишниот одмор со колективен договор или договор за вработување, може да се продолжи до **26 работни дена.***

Право на **уште три работни дена** годишен одмор имаат:

- повозрасен работник (жени повозрасни од 57 години и мажи повозрасни од 59 години),
- инвалид,
- работник со најмалку 60% телесно оштетување и
- работник кој негува и чува дете со телесен или душевен недостаток.

Работодавачот е должен на работникот да му издаде решение за правото на користење на годишен одмор.

Законските одредби се темелат на Конвенцијата 132 за платен годишен одмор, на Меѓународната организација на трудот (ратификувана со Законот за ратификација на Конвенцијата), која е имплементирана во нашиот правен систем.

Правото на годишен одмор му припаѓа на секој работник, кој е во работен однос и кој ги исполнува условите определени со закон. Тоа право се користи за секоја календарска година, и проследено со правото на надоместок на плата и правото за исплата на регрес за годишен одмор.

Оваа право го имаат сите работници, без оглед на тоа дали склучиле договор за работа на определено или неопределено време, дали се приправници или не, дали работат со полно работно време или пократко од полното работно време, дали работат во земјата или во странство и друго.

## *2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТРАЕЊЕТО НА ГОДИШНИОТ ОДМОР*

Траењето на годишниот одмор се определува според времето поминато во работен однос, сложеноста на работното место, условите за работа, здравствената состојба на работникот и други критериуми утврдени со колективниот договор.

Празниците, саботите и неделите и слободните денови, отсуствата поради боледување, како и другите случаи на оправдано отсуство од работа, не се пресметуваат во деновите на годишниот одмор.

## *3. СТЕКНУВАЊЕ ПРАВО НА ГОДИШЕН ОДМОР*

Работникот кој за првпат заснова работен однос се стекнува со правото на цел годишен одмор, кога ќе оствари непрекината работа **од најмалку шест месеца кај ист работодавач**, без оглед на тоа дали работникот работи полно работно време или пократко работно време од полното.

Во пракса оваа законска одредба “најмалку шест месеци непрекината работа” понекогаш создава одредени проблеми, особено ако се толкува како време изречно поминато на фактичко извршување на работите од работно место за кое е склучен договорот за вработување. При пресметување на времето поминато на работа мора да се смета и времето во кое работникот не работел, односно кога одсуствувал без своја вина: болест, повреда или родителство, затоа што тоа време се смета во работен стаж. Според тоа, треба да се истакне дека отсуството на работникот од работа без негова вина, односно за време за кое прима надомест на плата, нема влијание врз неговото право на платен годишен одмор, ниту пак на неговото траење.

## *4. ПРАВО НА ПРОПОРЦИОНАЛЕН ДЕЛ ОД ГОДИШНИОТ ОДМОР*

Работникот има право на користење на пропорционален дел на годишниот одмор, во вкупен износ од по два дена за секој месец работа, ако:

- во календарската година во која склучил работен однос не се стекнал со правото на целосен годишен одмор;
- му престанал работниот однос пред изминувањето на рокот, по истекувањето на кој би добил право на целосен годишен одмор.

Во првиот случај станува збор за работник кој не го исполнува условот за стекнување правото на користење годишен одмор, определен со член 139 од Законот за работни односи, односно во календарската година во која склучил договор за работа не остварил непрекината работа кај истиот работодавач, во траење од 6 месеци.

***Пример:***

*Работникот Н.Н. засновал работен однос и стапил на работа кај работодавачот ТТ ДООЕЛ Скопје на ден 01.08.2019 година. До крајот на 2019 година, работникот работел непрекинато полни пет месеци во работен однос кај работодавачот. Поради неисполнување на условот за шест месеци непрекинато траење на работен однос кај ист работодавач, на работникот му следува пропорционален дел од годишниот одмор за 2019 година. Односно 5 месеци * 2 дена за секој месец = 10 работни дена годишен одмор.*

Во вториот случај станува збор за ситуација кога престанува важноста на договорот за вработување, но пред истекот на рокот за стекнување право на користење целосен годишен одмор.

***Пример:***

*Работникот А.А. засновал работен однос кај работодавачот ББ ДООЕЛ Скопје на ден 01.03.2019 година. На ден 13.06.2019 година му престанува работниот однос со потпишување Спогодба за раскинување на Договорот за работа, според член 69 од ЗРО. Работникот А.А. бил на работа кај работодавачот ББ ДООЕЛ Скопје, 3 месеца и 13 дена.*

*Работникот А.А. има право на годишен одмор во времетраење од 6 работни дена. Траењето на годишниот одмор на работникот, се определува земајќи ги во предвид само полните месеци (три месеци) помножени по 2 работни дена за секој месец. (3 месеци *2 раб. дена = 6 раб. дена годишен одмор).*

## *5. НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ГОДИШНИОТ ОДМОР*

Годишниот одмор се користи земајќи ги предвид потребите на работниот процес, како и можностите за одмор и рекреација на работникот, водејќи сметка за неговите семејни обврски. Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година.

*Годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со работодавачот, со тоа што* ***еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две работни недели.***

искористување на **ДВЕ НЕПРЕКИНАТИ РАБОТНИ НЕДЕЛИ** годишен одмор, до крајот на тековната кале-ндарска година, а остатокот до 30 јуни идната година. Годишниот одмор којшто не бил искористен во тековната календарска година, заради отсутност поради боледување или повреда, отсуство поради бременост, раѓање или мајчинство или одмор за нега и чување на дете, работникот има право да го искористи до **30 јуни** идната календарска година.

Работникот кој работи во странство може во целост да го искористи годишниот одмор до крајот на идната календарска година, ако е така определено со колективниот договор на работодавачот.

Ништовна е каква било спогодба со која работникот би се откажал од правото на годишен одмор.

Должината и начинот на користењето на годишниот одмор во установите од областа на образованието и науката, се уредуваат со прописите од областа на образованието и науката, поради специфичноста на оваа област која подразбира посебен режим на одмарање, поврзан со законски пропишаните периоди за одмор на учениците и наставниот кадар во училиштата.

Работникот има право два дена од годишниот одмор да ги искористи, во денови коишто самиот ќе ги определи, ако тоа посериозно не го загрозува работниот процес, за што мора да го извести работодавачот, **најдоцна три работни дена,** пред користењето.

## *6. ПЛАЌАЊЕ НА НЕИСКОРИСТЕНИОТ ДЕЛ НА ГОДИШНИОТ ОДМОР*

Работникот има право на ***надоместок на неискористениот дел од годишниот одмор,*** пред престанок на работниот однос:

- *ако претходно побарал користење на годишен одмор, а не му било овозможено користење на годишен одмор,*
- *а работниот однос му престанал не по негова вина и волја.*

Работникот има право за надомест на неискористениот дел од годишен одмор само во наведениот случај. Во сите други случаеви, работникот нема право на надомест на неискористениот годишен одмор.

## *7. ПЛАТЕН ОДМОР*

Работникот има право на платен одмор заради лични и семејни околности (за склучување на брак, раѓање на дете (само за таткото) или смрт на близок роднина), до седум работни дена.

Деновите на платениот одмор се утврдуваат со колективен договор и по сите основи, не може да изнесуваат повеќе од седум работни дена и тоа:

| ПЛАТЕН ОДМОР | | |
|---|---|---|
| **Бр** | **ОСНОВ** | **РАБОТНИ ДЕНОВИ** |
| **1** | **за склучување на брак** | ***3 дена*** |
| **2** | **за склучување брак на дете** | ***2 дена*** |
| **3** | **за раѓање или посвојување дете** | ***2 дена*** |
| **4** | **за смрт на сопружник или дете** | ***5 дена*** |
| **5** | **за смрт на родител, брат, сестра** | ***2 дена*** |
| **6** | **за смрт на родител на сопружник** | ***2 дена*** |
| **7** | **за смрт на дедо или баба** | ***1 ден*** |
| **8** | **за полагање на стручен или друг испит за потребите на работодавачот** | ***до 3 дена*** |
| **9** | **за елементарните непогоди до** | ***7 дена*** |

### *8. НЕПЛАТЕНО ОТСУСТВО*

Работникот може да отсуствува од работа без надомест на плата и придонеси од плата, најдолго 3 месеци, во следните случаи:

- *за нега на член на семејството;*
- *за изградба или поправка на куќа, односно стан;*
- *за учество на културни и спортски приредби;*
- *за учество на конгреси, конференции и слично;*
- *за лечење на своја сметка;*
- *во други случаи, утврдени во колективен договор на ниво на гранка, односно оддел, односно на ниво на работодавач.*

Одлуката за отсуство ја донесува работодавачот или лицето кое тој ќе го определи, во согласност со потребите на процесот на работата.

### *9. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ГОДИШЕН ОДМОР*

Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на работодавач - правно лице, ако на работникот не му обезбеди пауза за време на работното време, одмор меѓу два последователни дена, неделен и годишен одмор, во согласност со законот и не издаде решение за годишен одмор (членови од 132 до156);

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече за наведениот прекршок на одговорното лице во правното лице.

Глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за наведениот прекршок на работодавач - физичко лице. (Член 265 ст.1 т.14, ст.2, ст.3 од ЗРО).

**Прилог 1:** Пример за Барање за користење на прв дел од годишен одмор, за 2019 година.

**До: Управителот на**

**Друштво___________________**

_____________________________

**Б А Р А Њ Е**

**за користење на прв дел од годишен одмор за 2020 година**

Јас, долупотпишаниот _____________________ од __________ со живеалиште на ул.__________________________________, вработен во друштво__________________________________________, на работно место ___________ согласно Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” 62/05.....110/19), барам од Вас да ми одобрите користење на првиот дел од годишниот одмор за 2020 година, во траење од 12 работни дена.

Годишниот одмор сакам да го користам во периодот од __/__/2020 до __/__/2020 година. *(не помалку од две последователни недели).*

*Скопје,__/__/ 2020*

Работник:

_____________

**Прилог 2:** пример на Решение за прв дел на годишен одмор за 2020 година.

Врз основа на член 137 став 1 и член 141 од Законот за работните односи (''Службен весник на РМ'' 62/05...110/19) управителот на Друштвото _________________________Скопје, со седиште на ул___________________, согласно планот за користење на годишен одмор, а врз основа на Барањето на работникот за користење на прв дел на годишен одмор за 2020 година, на ден ___/___2020 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

На работникот ______________ од ________ со живеалиште на ул__________________бр. ________ и ЕМБГ _____________ распореден на на работно место ______________, му се одобрува користење на првиот дел од годишниот одмор за 2020 година во траење од 12 работни дена.

Работникот има право на вкупно 22 работни дена годишен одмор за 2020 година.

На негово Барање, работникот ќе го користи првиот дел од годишниот одмор од __/__/2020 до __/__/2020 година. *(не помалку од две последователни недели).*

Вториот дел од годишниот одмор, работникот ќе го искористи најдоцна до 30.06.2021 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Работникот има право на користење на 22 работни денови годишен одмор, а траењето на годишниот одмор е определено според времето поминато во работен однос, условите за работа и други критериуми утврдени со колективниот договор и одредбите на Законот за работни односи.

**Доставено до:**

- Архива;
- Работник.

**Управител**

________________

**Правна поука:** Работникот има право на на приговор против ова решение до управителот на друштвото, во рок од 8 дена од денот на приемот (на неговото врачување).

**Прилог 3:** Преглед табела за определеување на траењето на годишниот одмор, согласно колективните договори на ниво на гранка.

**Табела 1**

**Траење на годишен одмор по дејности**

| Р.бр | Колективен договор на гранка | Определување на траење на годишен одмор |
|---|---|---|
| 1. | Општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството | Со Колективни договори на ниво на дејност |
| 2. | Општ колективен договор за јавен сектор на РМ | Со Колективни договори на ниво на дејност |
| 3. | Колективен договор за комуналните дејности | до 10 год. 1 р.д.<br>од 10 до 20 2 р.д.<br>од 20 до 30 3 р.д.<br>над 30 4 р.д. |
| 4. | Колективен договор за угостителство | до 10 год. 1 р.д.<br>од 10 до 20 2 р.д.<br>од 20 до 30 3 р.д.<br>над 30 4 р.д. |
| 5. | Колективен договор за текстилната индустрија на Република Македонија | Со колективен договор на ниво на работодавач |
| 6. | Колективен договор за земјоделството и прехранбената индустрија | до 5 год. работен стаж до 1 р.д.<br>од 6 до 10 до 3 р.д.<br>од 11 до 15 до 4 р.д.<br>од 16 до 20 до 5 р.д.<br>над 20 до 6 р.д. |
| 7. | Колективен договор за вработените од тутунското стопанство | до 10 год. 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>од 21 до 30 3 р.д.<br>над 31 4 р.д. |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Колективен договор за кожарска и чевларска индустрија | Со колективен договор на ниво на работодавач |
| 9.. | Колективен договор за дејноста хемиска индустрија | до 5 год. 9 р.д.<br>од 6 до 10 10 р.д.<br>од 11 до 15 11 р.д.<br>од 16 до 20 12 р.д.<br>од 21 до 25 13 р.д.<br>над 25 14 р.д. |
| 10. | Колективен договор за вработените во градежнишната индустрија | до 10 год. 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>од 21 до 30 3 р.д.<br>над 31 4 р.д. |
| 11. | Колективен договор за дејноста сообраќај | до 10 год. 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>од 21 до 30 3 р.д.<br>над 31 4 р.д. |
| 12. | Колективен договор за основното образование во Република Македонија | од 1 до 10 год 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>над 20 3 р.д. |
| 13. | Колективен договор за средното образование во Република Македонија | од 1 до 10 год 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>над 20 3 р.д. |
| 14. | Колективен договор за социјална заштита | од 1 до 10 год 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>над 20 3 р.д |
| 15. | Колективен договор за министерство за внатрешни работи | од 2 до 8 1 р.д.<br>од 8 до 15 2 р.д.<br>од 15 до 20 4 р.д.<br>над 20 6 р.д. |

## *10. ГОДИШНИОТ ОДМОР ВО ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈА ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА COVID-19*

Поради прогласената пандемија од страна на СЗО, глобалното ширење на Коронавирусот COVID-19, од страна на Владата на РСМ, со воведување на мерките за заштита од ширење на епидемија и воведување на вонредна состојба од

страна на Претседателот на РСМ, се донесени одлуки со кои се прекинува работата на одделни правни субјекти (угостителски објекти, спортски објекти, спортски обложувалници итн.), како и се донесени голем број на одлуки и уредби со кои друштвата се задолжени да превземат мерки за заштита на вработените.

Владата на Република Северна Македонија донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредна состојба. Уредбата влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија" во бројот 90 од 04.04.2020 година. Оваа Уредба ќе се применува за време на траење на вонредната состојба.

Согласно Уредба, во членот 3 е уредено користењето на неискористениот годишен одмор за 2019 година, како и се уредува користењето на првиот дел од одморот за 2020 година.

Во членот 3 од Уредбата е пропишано дека:

- Работниците вработени во приватниот сектор опфатени од временските мерки за заштита од ширење и превенција од Коронавирусот COVID-19, неискористениот дел од годишниот одмор, односно неискористениот годишен одмор од 2019 година, да се искористи ***до 31 мај 2020 година***, согласно потребите на работниот процес и одобрение од работодавачот.
- Работниците вработени во приватниот сектор опфатени од временските мерки за заштита од ширење и превенција од Коронавирусот Covid-19, делот од годишниот одмор за 2020 година кој мора да се искористи во траење од две непрекинати работни недели, да го искористат ***до 30 јуни 2020 година*** , согласно потребите на работниот процес и одобрение од работодавачот.

## *11. ПРАВО НА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ОДМОР ОД СТРАНА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

Во Службен весник на РСМ 95/20; 97/20 објавена е Уредбата со законска сила за примена на законот за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба.

Согласно член 1 од Уредбата, одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РСМ" 27/14,

199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/19, 275/19 и 14/20) ќе се применува за времетраење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку определено.

За користење на правото на годишен одмор од страна на вработените во јавниот сектор, се применуваат одредбите на оваа уредба со законска сила.

Согласно Член 2 од Уредбата, вработените во јавниот сектор кои се работно ангажирани за времетраење на мерките за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID – 19, неискористениот дел од годишниот одмор од календарската 2019 година може да го ***искористат до 31 мај 2020 година***, согласно потребите на работниот процес и врз основа на одобрение на раководното лице на институцијата.

На вработените во јавниот сектор кои се ослободени од извршување на работа и работни задачи, согласно мерките за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID – 19, ***НЕИСКОРИСТЕНИОТ ДЕЛ ОД ГОДИШНИОТ ОДМОР од календарската 2019 година ИМ СЕ СМЕТА ЗА ИСКОРИСТЕН***.

По исклучок, за вработените во Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за одбрана – Армијата на Република Северна Македонија, Министерството за здравство, Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија, Царинските службеници, Затворската полиција,Инспекциските служби, Единиците за противпожарна територијална заштита, мали групни домови и домови за нега на стари лица, кои не се опфатени со мерките од ставовите 1 и 2 на овој член, ***неискористениот дел од годишниот одмор од календарската 2019 година и делот од годишниот одмор за 2020 година кој мора да се искористи во траење од две непрекинати работни недели, да го искористат до 31 декември 2020 година***, согласно потребите на работниот процес и врз основа на одобрение на раководното лице во Министерството.

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

*дипл. економист: Јулија Минковска*

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ ЈУНИ 2020 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна месечна бруто плата исплатена во Републиката за 2019 година (за даноци и придонеси)* | *38.319,00* |
| *Најниска основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата исплатена во Републиката за цела 2019 година за образец МП - ИН* | *19.160,00* |
| *Највисока основица за пресметка на придонеси од работен однос (16 x 38.319)* | *613.104,00* |
| *Даночно ослободување за 2020 година* | *8.228,00* |
| *Дневница за службени патувања од 22.06.2020* | *2.119,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2019 година* | *25.213,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2019 година* | *37.446,00* |

### *1. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” 142/08...171/17; 35/18; 247/18), **Основица** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување, ***не може да биде пониска од 50% од просечна плата по работник*** во Република Македонија, објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС, ***која за 2020 година, изнесува:***

**19.160,00 денари (38.319,00 х 50%)**

За самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга, Основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основица за осигурување за тековната година неможе да биде пониска од просечна плата по работник во Р.М. објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС која за 2020 година изнесува:

**38.319,00 денари**

## *2. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, ***НАЈВИСОКА*** месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е ***износот од (16) шеснаесет просечни плати кој износ за 2020 година, изнесува***:

**613.104,00 денари (16 x 38.319,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати кој за 2019 година, изнесува.

**613.104,00 денари (16 x 38.319,00 денари).**

Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***(12) дванаесет просечни плати.***

**459.828,00 денари (12 x 38.319,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Републи-ка Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

**30.655,00 денари (38.319,00 денари x 80%).**

При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема предвид просечната плата по работник

во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, ***која за 2020 година изнесува: 38.319,00 денари.***

**НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.**

### *3. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ*

| ПРИДОНЕСИ | Стапка | Најнизок износ | Највисок износ |
|---|---|---|---|
| Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***ЈУНИ 2020 година,*** по вработен: | 18,8% | ***3.602,00*** | ***115.264,00*** |
| Придонесот за здравствено осигурување за месец ***ЈУНИ 2020 година***, по вработен: | 7,5% | ***1.437,00*** | ***45.983,00*** |
| Придонесот за вработување за месец ***ЈУНИ 2020 година***, по вработен : | 1,2% | ***230,00*** | ***7.357,00*** |
| Придонесот за професионално заболување *за месец **ЈУНИ 2020 година***, по *вработен:* | 0,5% | ***96,00*** | ***3.066,00*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | ***28%*** | ***5.365,00*** | ***171.670,00*** |

### *4. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 202/19; 239/19), висината на минималната плата во Република Македонија ***(за сите сектори)*** за месец ***АПРИЛ, МАЈ и ЈУНИ/2020*** година период ***(за времтраење на ВОНРЕДНА состојба) ќе изнесува***:

**- 14.500,00 денари НЕТО износ;**

**- 21.107,00 денари БРУТО износ**

### *5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

#### *5.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход*
***(од 01.01.2020 до 31.12.2022 година)***

Согласно член 12 од Законот за данок на личен доход (“Службен весник на РМ” 241/2018; 275/19), данокот на личен доход за данок од работа се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа::

- **Пропишана стапка во износ од 10% или**
- **Пресметана стапка од 11,1111%.**

### *5.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2020*** година, на месечно и годишно ниво, изнесуваат:

| **Период** | **2020 година** |
|---|---|
| **Месечно** | **8.228,00** |
| **Годишно** | **98.736,00 (8.228 *x 12)*** |

## *6. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ” 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за месец ***МАЈ/2020*** год. во однос на месец ***АПРИЛ/2020*** година ***<u>се ПОВИСОКИ за (0,4%)</u>***

.

2. Право на пораст на платите за месец ***МАЈ/2020*** во однос на месец ***АПРИЛ/2020*** година, ***<u>изнесува (0,2 %).</u>***

## *7. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ*

Работните часови за месец ***(ЈУНИ) 2020*** година, изнесуваат: ***176 часа.***

## *8. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

### *8.1. Надоместоци од плата за општествени и мешовити правни лица со повеќе од 49% општествен капитал*

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(IV) ЈУНИ 2020 година*** изнесува:

***25.830,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.20.57 од 22.06.2020).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно **ОСНОВИЦАТА од** ***25.830,00 денари:***

**За ОПШТЕСЕТВЕНИ правни лица**

| |
|---|
| 1. **Регрес за годишен одмор (60% од основицата *25.830,00* x *60%)*** <br> ***15.498,00 денари*** <br> ***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| 2. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од основицата *(2 x 25.830,00)*:** <br> ***51.660,00 денари*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до51.660,00 денари*** |
| 3. **Одвоен живот од семејството:**(60% од основицата ) <br> ***25.830,00* x *60%)*** <br> ***15.498,00 денари*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 15.498,00 денари*** |

Просечна исплатена месечна ***БРУТО*** плата по вработен за месец ***(IV)ЈУНИ 2020 година***, изнесува:

***38.567,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.20.56 од 22.06.2020).***

### *8.2. Надоместоци од плата за ПРИВАТЕН СЕКТОР*

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(II-III-IV/2020 година) ЈУНИ 2020 година*** изнесува:

***26.490,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.20.57 од 22.06.2020).***

Износот ***26.490,00 денари*** претставува **ОСНОВИЦА** за пресметување на следните надоместоци:

***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***

**1. Регрес за годишен одмор** (Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од најмалку 40% од основицата, под услов работникот да раб-отел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист рабо-тодавач):

- ***Најнизок износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец ЈУНИ 2020 година :***
  ***10.596,00 денари во НЕТО износ (26.490,00 x 40%)***
- ***Највисок износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец ЈУНИ 2020 година во висина на осно-вицата::***

***26.490,00 денари***

**Даночно признат расход во Даночен биланс** (40% од просечна месечна бруто плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)

***15.427,00 денари*-БРУТО износ *(38.567 x 40%)***

***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

2. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од основицата *2 x 26.490,00*):**

***52.980,00 денари***

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 52.980,00 ден.**

3. **Јубилејна награда – за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец (во висина на основицата)**

***26.490,00 денари***

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%**

4. **Надоместок за одвоен живот од семејството (60% од основицата - 60% од *26.490,00)***

***15.894,00 денари***

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 15.894,00 ден.**

5. **Дневници за службени патувања во земјата (8% од основицата (8% од *26.490,00)*)**

***2.119,00 денари*** **(**

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 2.119,00 ден.**

6. **Дневници за службени патувања во странство**

- **50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување,** како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
- **20% од утврдената дневница,** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- **5% од утврдената дневница,** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други ви-дови средби организиарани во странство на мултил-атерална и билатерална основа.

7. **Помош во случај на смрт на работник (во висина од три основици *3 x 26.490,00)***

***79.470,00 денари***

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 79.470,00 ден.**

8. **Помош во случај на смрт на член на семејство (во висина од две основици *2 x 26.490,00 денари)***

***52.980,00 денари***

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 52.980,00 ден.**

9. **Помош во случај на елементарни непогоди** (во висина на основицата)

***26.490,00 денари***

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 26.490,00**

11. **Надомест за користење на сопствено возило за службени цели во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар.

**Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.**

**12. Надомест при селидба на вработен за потребите за работодавачот** (во висина на стварни трошоци)

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%**

**13. Трошок за организирана исхрана за 2020** (во висина од **20%** од просечна нето плата, исплатена во претходната 2019 година ***25.213,00 x 20%)***

***5.043,00 денари***

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход до 5.043,00**

**14. Надомест за боледување подолго од 6 месеци**

Еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата (**во органот каде што е вработен). Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%**

Просечна исплатена месечна ***БРУТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(II-III-IV/2020 год.) – ЈУНИ/2020 година изнесува:***

***39.537,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.56 од 22.06.2020).***

### *8.3. Најниска оснвица за придонеси за самовработени лица во 2020 година*

| |
|---|
| 1. **Самовработени лица – вршител на самостојна економска дејност** (таксисти, занаетчии)<br><br>***19.160,00 денари*** |
| 2. **Самовработени лица – вршител на професионална и друга интелектуална дејност** (адвокати, нотари, извршители)<br><br>***38.319,00 денари*** |
| 3. **Самовработени лица – вршител на професионална и друга интелектуална дејност** (адвокати, нотари, извршители) **до истекот на првата година на отпочнување на дејност:**<br><br>***19.160,00 денари*** |

### *8.4. Највисока оснвица за придонеси за самовработени лица во 2020 година*

| |
|---|
| 1. ***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***(12) дванаесет просечни плати. (12 x 38.319,00 денари)***<br><br>***459.828,00 денари).*** |

### *8.5. Највисок износ на надомест за боледување што го исплаќа Фондот за здравствено осигурување*

| |
|---|
| 1. Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ 25/00.....142/16; 171/17;276/19), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2019 година, изнесува ***ЧЕТИРИ*** **просечни месечни нето плати исплатени во РМ во претходната 2019 година** ***(4 x 25.213,00 денари).***<br><br>***100.852,00 денари*** |

### *8.6 Највисок износ на пензија за 2020 ГОДИНАе*

1. Највисокиот износ на пензија според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2020 година изнесува:

***49.811,00 денари***

### *8.7.Рефундирање на средствата за уплатени придонеси за инвалидни лица*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност нкако трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице , МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец ЈУНИ/2020 година*** изнесува(***2 x 26.422,00 денари)***

***52.844,00 денари .***

### *8.8. Месечен надоместок на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка (Службен весник на РМ 25/00.....142/16; 159/19; 232/19; 275/19), ***МЕСЕЧНИОТ*** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од Просечната Бруто плата исплатена во претходната година во РМ во ви-сина од: ***(50% од 37.446,00 денари)***

***18.723,00 денари***

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%**

### *8.9.Трошоци по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен прнзиски фонд*

| |
|---|
| 1. Трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд се утврдуваат во висина од износот од 2 просечни месечни **БРУТО** плати исплатени во претходната година на годишно ниво по вработен кои изнесуваат: **(*2 x 37.446,00*)** |
| ***74.892,00 денари*** |

### *8.10. Надомест од плата за ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година ("Службен весник на РМ" 265/19), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| 1. **Надоместок за одвоен живот од семејството (30%** од просечна Месечна нето плата исплатена во РМ во претходни три месеци**)**<br>***(30% x 26.490,00)***<br>***7.947,00 денари***<br>***(*Ослободен од Данок на личен доход до 7.947,00 денари** |
| 2. **Помош во случај на смрт на работник**<br>***30.000,00 денари***<br>**Ослободен од Данок на личен доход ДО 30.000,00 денари** |
| 3. **Помош во случај на смрт на член на семејство**<br>***15.000,00 денари***<br>**Ослободен од Данок на личен доход ДО 15,000,00 денари** |
| 4. **Јубилејна награда – за најмалку 10 години работа (Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2020 година**<br>**НЕ Е ПРОПИШАНА)** |
| 5. **Дневници за службени патувања во земјата**<br>**(Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2020 година НЕ СЕ ПРОПИШАНИ)** |
| |

6. **Дневници за службени патувања во странство:**

- **50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување,** како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
- **20% од утврдената дневница,** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- **5% од утврдената дневница,** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а прес-тојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

7. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од просечна месечна нето плата по работник во републиката, објавена до денот на исплатата):** ***(2 x 25.830,00)***

***51.660,00 денари***

**Ослободен од Данок на личен доход до 51.660,00 денареи**

8. **Регрес за годишен одмор**

**(Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2020 година,НЕ Е ПРОПИШАН).**

9. **Новогодишен надоместок**

**(Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2020 година, НЕ Е ПРОПИШАН).**

10. **Надомест за боледување подолго од 6 месеци**

Еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата (**во органот каде што е вработен).**

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%**

11. **Надомест на трошоци за селидба за потребите на работодавачот** (во висина на стварни направени трошоци).

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%**

12. **Надомест на трошоци за храна и превоз за лица волонтери за МАЈ/*2020*** (во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2019 година): ***(37.446,00 x 15%)***

***5.617,00 денари***

***Ослободен од Данок на личен доход до 5.617,00 денари***

13. **Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година.**

Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници (“Службен весник на РМ” 276/2019), вредноста на бодот за ***2020 година изнесува***:

***81,60 денари***

### *8.10 Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ПРИВАТЕН сектор*

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ” 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| **Времетраење на боледување** | **Право на надомест** |
|---|---|
| **До 15 дена** | **70% од основицата** |
| **Над 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето за сите денови** | **90% од основицата** |
| **Над 30 дена кога боледувањето го плаќа работодавачот** | **90% од основицата** |

***ОСНОВИЦА*** претставува просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

## *8.11 Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор*

Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор на Република Македонија („Службен весник на РМ" 10/108; 88/08;122/08; 85/09), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| **Времетраење на боледување** | **Право на надомест** |
|---|---|
| **До 7 дена**<br>**До 15 дена**<br>**Од 15 до 21 ден** | **70% од основицата**<br>**80% од основицата**<br>**90% од основицата** |
| **за професионално заболување и повреда на работа, давање крв и бременост и раѓање** | **100% од основицата** |

***ОСНОВИЦА:П***росечна ***исплатена нето плата на работникот во последните 3 месеци.***

## *8.12 Испратнина при ТЕХНОЛОШКИ вишок*

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16; 120/18; 110/19) во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок)* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина*** *во следните случаи:*

| **Години поминати во работен однос** | **Висина на плата** |
|---|---|
| **До 5 години**<br>**Од 5 до 10 години**<br>**Од 10 до 15 години**<br>**Од 15 до 20 години**<br>**Од 20 до 25 години**<br>**Над 25 години** | **Една плата**<br>**Две и пол плати**<br>**Три и пол плати**<br>**Четири и пол плати**<br>**Шест плати**<br>**Седум плати** |

**Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата да не биде помала од 50% од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.**

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач на кој поради настанатата статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

### *8.13 Додатоци на плата*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен вес-ник на РМ” 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа.......................................... 35%***
- ***Работаноќе.................................................... ... 35%***
- ***Работа во три смени ............................................. 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.**

Согласно член 17 од Општиот Колективен договор за **јавен сектор** на РМ („Службен весник на РМ" 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), **основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:**

- ***Прекувремена работа...........................................29%***
- ***Работа ноќе..............................................................29%***
- ***Работа во три смени ...............................................4%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................29%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 42%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.**

## *9. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТА ЗА 2020 ГОДИНА*

### *9.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 14.500,00 ВО НЕТО ИЗНОС (за АПРИЛ, МАЈ И ЈУНИ/2020г.)*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **14.500,00** |
| 2. Даночно намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 6.272,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (4 x 11,1111%)** | **697,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **15.197,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (15.197 x 1,3889)** | **21.107,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (6 x 18,8%) | 3.968,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (6 x 7,5%) | 1.583,00 |
| 9. Придонес за вработување (6 x 1,2%) | 253,00 |
| 10.Придонес за дополнително (6 x 0,5%) | 106,00 |
| 11 **Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **5.910,00** |
| 12 Бруто плата намалена за придонеси (5 - 11) | 15.197,00 |
| 13 Даночно намалување за 2020 година | 8228,00 |
| 14 Основица за данок на доход (12 - 13) | 6.969,00 |
| **15. Данок на доход од 10% (14 x 10%)** | **697,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6 - 11- 15)** | **14.500,00** |

### *9.2. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 21.107,00 ВО БРУТО ИЗНОС за АПРИЛ, МАЈ И ЈУНИ/2020г.)*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **21.107,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 3.968,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.583,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 253,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 106,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **5.910,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 15.197,00 |
| 8. Даночно намалување за 2019 година | 8228,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7– 8 ) | 6.969,00 |
| **10. Данок на доход од 10% (9 x 10%)** | **697,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 - 6 - 10)** | **14.500,00** |

***9.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ во висина од 19.160,00 денари во БРУТО ИЗНОС***

| | |
|---|---|
| **1.БРУТО ПЛАТА** | **19.160,00** |
| 2.Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 3.602,00 |
| 3.Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.437,00 |
| 4.Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 230,00 |
| 5.Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 96,00 |
| **6.Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **5.365,00** |
| 7.Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 13.795,00 |
| 8.Даночно намалување за 2020 година | 8228,00 |
| 9.Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 5.567,00 |
| **10. Данок на доход од 10% (10 x 10%)** | **557,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 11)** | **13.238,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 19.160,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 19.160,00 |
| ***- (вкалкулирана бруто плата),*** | | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 19.160,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 13.238,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 557,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 5.365,00 |
| ***- (за пресметана плата, даноци и придонеси),*** | | |
| 2430 – Обврски за нето плата | 13.238,00 | |
| 2340 – Персонален данок од плата | 557,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 5.365,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 19.160,00 |
| ***- (исплатена бруто плата).*** | | |

***9.4. Пресметка на Личен доход од работа која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ во висина од 613.104,00 денари (БРУТО ИЗНОС)***

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **613.104,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 115.264,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 45.983,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 7.357,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 3.066,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **171.670,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 441.434,00 |
| 8. Даночно намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 433.206,00 |
| **10. Данок на доход од 10%** | **43.321,00** |
| **11. Нето плата (1 – 6 – 14)** | **398.113,00** |

***9.6. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 700.000,00 денари (БРУТО ОЗНОС)***

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **700.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси за највисок износ | 171.669,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **528.331,00** |
| 4. Даночно намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 5. Основица за данок (3 – 4) | 520.103,00 |
| 6.Данок на личен доход од 10% *(5 x 10%)* | 52.010,00 |
| **7. Нето плата (3 – 5)** | **476.321,00** |

# ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

## КОЕФИЦИЕНТИ НА МДБ

## Коефициент на МДБ за месец МАЈ/2020 (-0,4%)

*(Службен весник на Р.С.М бр. 155/2020)*

Врз основа на член 44 од Законот за данокот од добивка (“Службен весник на Република Македонија”112/2014...232/19; 275/19; ), Државниот Заводот за статистика го утврдува и објавува:

**ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО МЕСЕЦ МАЈ/2020 ГОДИНА**

| *Р.бр.* | *ОПИС* | *ПОРАСТ* |
|---|---|---|
| **1.** | Кумулативниот пораст на цените на мало во Република Македонија во периодот ***МАЈ/ 2020*** година во однос на просечните цени на мало ***во 2019 година изнесува:*** | *-0,4%* |
| **2.** | Коефициентот за пораст на даночната основица за плаќање на данок од добивка за месец ***МАЈ/2020 година*** изнесува: | *-0,4%* |

Бидејќи нема пораст на коефициент на МДБ за месец ***МАЈ/2020 година,*** Месечната аконтација на данокот на добивка, ќе се пресмета како ***1/12*** од годишниот данок утврден во Даночниот биланс за 2019 година **(АОП 56) .**

# КОЕФИЦИЕНТИ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ ЗА МЕСЕЦ МАЈ/2020 ГОДИНА

***Месечен коефициент за МАЈ/2020 (-0,003) .***
***Кумулативен коефициент од I до V/2020 (0,008).***

## *1. ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефи-цијент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечниот коефициент на порастот на цените на производителите на Индустриски производи во **МАЈ/2020** година во однос на **АПРИЛ/2020** година | *-0,003* |
| **2.** | Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на **МАЈ/2020** година; | *0,008* |
| **3.** | Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи во **МАЈ/2020** година во однос на истиот месец претходната година. | *0,002* |

## *2. ЦЕНИ НА МАЛО*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
